Магистерски труд

ПРИТВОРОТ КАКО МЕРКА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРИСУСТВО НА ОБВИНЕТИОТ ВО КРИВИЧНА ПОСТАПКА

Ментор : проф.д-р Марија Гроздановска

Кандидат: Никола Тасев

Јуни, 2025

Кратко резиме

Личната слобода како една од основните и најзначајни слободи на човекот, по својата суштина претставува сигурност на човекот во однос на државната власт и се сфаќа како забрана на властите своеволно да ја одземат, па гаранциите од произволно ограничување и лишување од слобода се содржат во многубројни меѓународни документи. Кога станува збор за кривичната постапка воопшто, еден од основните меѓународно правни стандарди е присуството на обвинетиот во постапката. Присуството на обвинетиот во кривичната постапка е важно, а произлегува од фактот дека кривичната постапка се води против индивидуално одредено лице, а во современата кривична постапка прифатено е како општо правило – должност на обвинетиот да присуствува на кривичната постапка. Присуството на обвинетиот е неопходно и поради реализација на основните начела на кривичната постапка. Но, не се ретки ни ситуациите во пракса обвинетиот да не се јави на поканата или на некој друг начин да биде недостапен на органите. Затоа кривичното законодавство предвидува мерки со кои се обезбедува присуство на обвинетиот во кривичната постапка, меѓу кои е мерката притвор, која е тема на овој магистерски труд.

Клучни зборови

Мерки, право, закони, постапка.

Содржина

Кратко резиме....2

Вовед....6

1. ЗАШТИТА НА ЛИЧНАТА СЛОБОДА ВО КРИВИЧНА ПОСТАПКА....10

1.1 Право на лична слобода....10

1.2 Лишување од слобода....12

1.3 Права на лицата лишени од слобода....12

2. МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРИСУСТВО НА ОБВИНЕТИОТ И ЗА НЕПРЕЧЕНО ВОДЕЊЕ НА КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА....14

2.1 Покана....16

2.2 Приведување....17

2.3 Гаранција....18

3. ПРИТВОР ВО КРИВИЧНА ПОСТАПКА....20

3.1 Правна природа на притворот....20

3.2 Основи за одредување притвор....22

3.2.1 Опасност од бегство....23

3.2.2 Опасност од доказна опструкција....24

3.2.3 Притвор одреден од превентивни причини....25

3.2.4 Притвор одреден поради тежината на кривичното дело и поради вознемирување на јавноста....26

3.3 Постапка за одлучување за притвор....27

3.4 Судење во разумен рок....28

3.5 Обврска за образложување на одлуката за притвор....29

3.6 Траење и контрола на притворот....30

3.7 Укинување на притворот....33

3.8 Постапување со притворениците....35

3.9 Притвор во затворски установи 39
4. МЕРКИТЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРИСУСТВО НА ОБВИНЕТИОТ И ЗА НЕПРЕЧЕНО ВОДЕЊЕ НА КРИВИЧНА ПОСТАПКА СПОРЕД МЕЃУНАРОДНИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА 43
4.1 Меѓународни стандарди за човекови права во врска со притворот 45
4.2 Разграничување помеѓу ограничување и лишување од слобода на движење 49
5. МЕРКАТА ПРИТВОР ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 51
5.1 Надлежни органи за одредување мерката притвор 59
5.1.1 Надлежност на јавниот обвинител 60
5.1.2 Надлежност на судијата на претходна постапка 61
5.1.3 Надлежност на кривичниот совет 62
5.1.4 Надлежност на бранителот 62
5.2 Траење и укинување на притворот 63
5.3 Анализа на статистички податоци 64
6. РАЗВОЈ НА АКТИВНОСТИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО ОДНОС НА ПРИТВОР 69
6.1 Надлежност на ЕУ во подрачјето притвор 69
6.2 Активности на Европскиот парламент 70
6.3 Зелена книга на Комисијата за спроведување на казненоправно законодавство на ЕУ 71
7. КОМПАРАТИВЕН ПРИКАЗ 73
7.1 Континентално право 73
7.1.1 Република Франција 73
7.1.2 Сојузна Република Германија 77
7.2 Common law 84
7.2.1 Соединети Американски држави 84
7.2.2 Обединето Кралство и Северна Ирска 86

7.3 Право во земјите во регионот 92
7.3.1 Република Хрватска.....92
7.3.2 Република Црна Гора.....95
ЗАКЛУЧОК.....98
Користена литература 100

Вовед

Еден од меѓународните правни стандарди кога станува збор за кривична постапка воопшто е присуството на обвинетиот во кривичната постапка. Овој стандард својата подлога ја наоѓа пред се во фактот дека кривичната постапка се води против индивидуално одредено лице, обвинетиот, како еден од главните кривичнопроцесни субјекти и нему, покрај другото, мора да му се пружи и можност да се брани, да ги оспорува наодите од обвинението и да ги изнесе сите факти кои му се во прилог и на тој начин да му овозможи на судот утврдување на саканиот степен на вистина во конкретниот случај и адекватно носење пресуда.

Резултат на кривичната постапка, треба да биде казнување на секој сторител на кривично ддело за кого ќе се утврди дека е виновен, а од друга страна треба да се обезбеди и невино лице да не биде осудени. За да се постигне тоа, покрај другото, неопходно е и учество на обвинетиот во кривичната постапка. Исто така, за реализација на основните начела на кривичната постапка, посебно начелото на контрадикторност, непосредност, утврдување на вистина и слично, потребно е да се обезбеди присуство на обвинетиот во кривичната постапка. Според ова, органите за кривична постапка се должни да се погрижат за овој предуслов, за обезбедување присуство на обвинетиот во кривичната постапка и за таа цел кривичнопроцесното законодавство предвидува и мерки со кои се обезбедува присуство на обвинетото лице во кривичната постапка и тие се појдовна основа за практична реализација на наведениот меѓународен правен стандард, присуство на обвинетиот во кривичната постапка.

Мерката притвор претставува мерка за процесна присилба со која поради непречено водење на кривичната постапка се задира во правото на слобода и сигурност на човекот. Се манифестира со ограничување на правото на слобода на движење, слободата на комуникација и правото на семеен живот, преку затворање на обвинетото лице за сторено кривично дело, најчесто во ќелиски простории. Оваа мерка се користи како помагало да се обезбеди присуството на обвинетиот пред надлежен суд во кривичната постапка која се води против него. Исто така, таа претставува осигурителен елемент дека обвинетиот нема да ја попречува постапката во врска со случајот на било каков начин, ниту пак ќе влијае на

доказите или сведоците. Понатаму, оваа мерка се применува со цел да се спречи опасноста од понатамошно криминално поведение на обвинетиот[1].

Притворот како мерка со која се обезбедува присуство на обвинетиот на судењето е присутен во судската пракса на сите модерни правни системи. На лица против кои е спроведена истрага или кои се обвинети дека имаат направено кривично дело, им се определува мерката притвот, во држави со различен степен на заштита на човековите права.

Во Република Северна Македонија исто така се определува притвор, во согласност со одредбите на Законот за кривична постапка. Притворот содржи одредени елементи, кои се од превентивна природа, со кои е ограничено едно од основните човекови слободи, а тоа е слободата на движење. Нашата земја е потписник на многу меѓународни договори со кои се регулира прашањето поврзано со мерката притвор, меѓу кои спаѓаат Европската конвенција за човекови права и Меѓународната конвенција за граѓански и политички права, а овие документи се инкорпорирани во Законот за кривична постапка

Со определувањето на мерката притвор најдлабоко се навлегува во уставно загарантираните права и слободи на граѓаните и поради тоа е кренатa на уставен ранг. Притворот не е казна, туку мерка која служи и има за цел исклучиво да обезбеди присуство на обвинетиот и за успешно водење на казнената постапка. Мерка притвор има процесна цел, да оневозможи попречување на докажувањето, заштита обвинетиот да не врши нови казнени дела или започнатите да ги доврши. Притворот е мерка со која се занимавало меѓународното право од аспект на човечките права и неминовноста за примена како инструмент за остварување на функцијата на казнената постапка.

Најважните извори на меѓународното право кои директно или индиректно се однесуваат на лишувањето од слобода се: Општата декларација за правата на човекот од 1948 година, Меѓународниот пакт за граѓанските и политичките права од 1966 година, Конвенцијата на ООН против тортура, грубо, нехумано и понижувачко постапување и казнување од 1987 година, Основните начела за заштита на сите лица лишени од слобода или затворени во која и да е форма од 1988 година, Европската конвенција за заштита на

[1] Прирачник за примена на мерката притвор, Здружение на судии на РМ, 2009

човековите права и основни слободи од 1950 година, Конвенцијата за спречување на тортура и нечовечко и понижувачко однесување од 1989 година.

Притворот спаѓа во една од мерките за обезбедување на присуство на обвинетиот и успешно водење на кривичната постапка. Останати мерки за обезбедување присуство на обвинетиот, покрај притвор се покана, забрана за пристап, комуницирање со одредени лица и посетување на одредени места, забрана за напуштање на престојот, гаранција и забрана за напуштање на станот. Притворот претставува најтешка мера за принуда, додека поканата е најлесна мерка. Превентивното лишување од слобода е гаранција за успешно водење на постапката и за вршење на пресудата, бидејќи обезбедува физичка присутност на обвинетиот, неговото постојано располагање на судот и спречување да ја попречува постапката и во исто време, го спречува обвинетиот да го изврши започнатото дело или да изврши ново, ако постои таква ситуација.

За да се одреди притвор, мора да постои одреден сомнеж дека некое лице сторило кривично дело. Мерките за обезбедување на присуство на обвинетиот и успешно водење на кривичната постапка, првенствено се насочени кон некој вид принуда и ограничување на правото на движење на одредено лице, а со мерата притвор во текот на кривичната постпка најмногу се навлегува во човековите права и слободи на обвинетиот. Со развојот на свеста за загарантирани човекови права и слободи, притворот како мера со која се навлегува во овие загарантирани права, е ставена под строга законска рамка.

Во современо општество, притворот често е можно да се замени со некоја алтернативна мерка. Во пракса, тоа на жал, не се применува како што би требало. Со подигнување на свеста и знаењето на бранителот, како и капацитетот на адвокатурата, можно е во интерес на обвинетиот да се преземе повеќе и да се обиде судовите да создадат нови стандарди и пракса според која притворот навистина да не се одредува, освен ако тоа е неопходно, освен ако е можно да се одреди некоја друга мерка.

Овој магистерски труд насочен е кон јасно дефинирање на мерката притвор, оправданост на нејзиното изрекување и правна основа на нејзиното изрекување. Така, со користење на уставни и законски одредби на Република Северна Македонија, како и некои меѓународни прописи од оваа област, ќе се дојде до подобро објаснување во кои ситуации

се применува притвор како мерка за одредување на присуство на обвинетиот, но ќе се разгледаат и правата и должностите на притвореното лице.

При изработка на трудот, се користеа следниве методи:

- Метод на анализа, за расчленување на посложени поими
- Метод на дексрипција, со кој се опишуваат различни мерки, методи
- Метод на докажување, со кој се утврдува точноста на некои сознанија
  Метод на компарација, кој служи за споредување на одредени податоци
- Метод на синтеза, со чија помош се објаснува стварноста по пат на синтеза на едноставни искази во посложени.

Според македонското законодавство, притворот претставува мерка за обезбедување на присуство на обвинетиот и мерка со која се овозможува водење на кривична постапка, но не е единствена мерка со која се обезбедува присуство на обвинетиот пред судот. Македонското како и меѓународното законодавство овозможуваат многу други мерки со кои ќе се исполни истата цел, со кои се ублажува ограничувањето на човековите права и слободи и кои најчесто се поекономични. Но, кога се зборува за ефикасноста при остварување на целите на мерките со кои треба да се обезбеди присуството, а воедно успешно да се води постапката, токму мерката притвор, излегува на прво место.

Целта на овој магистерски труд е да даде теоретски приказ на мерката притвор, оправданост за нејзиното изрекување, примена на законските одредби како во македонското така и во меѓународното право. На почетокот на трудот, подетално станува збор за овие поими и нивното толкување, правно регулирање како и постапките на изведување.

1. ЗАШТИТА НА ЛИЧНАТА СЛОБОДА ВО КРИВИЧНА ПОСТАПКА

Притворот и другите мерки за обезбедување присуство на обвинетиот во кривичната постапка по својата природа претставуваат легални средства на принуда кои се користата заради обезбедување на непречено водење на кривичната постапка против лица за кои има основан сомнеж дека го повредиле или загрозиле правниот поредок. Сите овие мерки ги карактеризира примената на принуда кон обвинетиот, затоа е важно во кривичната постапка да се обезбеди заштита на личната слобода, како едно од основните човекови права кое со притворот и останатите мерки за обезбедување присуство на обвинетиот може во значителен обем да се ограничи или оневозможи.

Со употреба на процесни мерки за принуда во помал или во поголем обем се ограничуваат некои основни права и слободи на граѓаните заради постигнување на целите пропишани со закон, пред кривичната ствар да биде прпавосилно пресудена, а тоа само по себе е ризик, бидејќи може да доведе до штетни последици по обвинетиот ако се утврди дека изрекувањето на некоја од овие мерки било неосновано. Особено е важно да се води сметка за ова при одредување притвор затоа што со оваа мерка, лицето се решава од слобода пред конечната осуда, во моментот кога не се знае како ќе се заврши постапката, дали со осудувачка, ослободителна пресуда или со друга судска одлука поволна по обвинетиот, а што во пракса може да доведе до проблем со неосновано лишење од слобода на обвинентиот и повредата на неговото право на лична слобода. Затоа кога зборуваме за мерки со процесна принуда, мора накратко да се даде приказ на уставната и меѓународноправната регулатива по прашањето заштита на личната слобода во кривичната постапка.

1.1 Право на лична слобода

Поимот слобода може да има различни значења и може да опфати различни видпви слободи, почнувајќи од физичката слобода, слобода на движење, настанување, па се до слобода на мислење, здружување, слобода од апсење и притворање на спротивно законски ограничувања и слично. За кривичното процесно законодавство, посебно е важно прашањеро за заштита на личната слобода во кривичната постапка, во која таа може да биде

ограничена и пред да биде донесена одлука на судот за вината на обвинетиот за извршено кривично дело. Со оглед на тоа дека кон обвинетиот поради репресивната природа на кривичната постапка, можно е да се применат средства на принуда, превентивното лишење од слобода и во таа смисла се јавува како најтешка мерка на процесна принуда со која иако привремно, најдлабоко се навлегува во правата и слободите на обвинетиот со покревање на кривичната постапка.

Личната слобода се смета за една од основните и најзначајни индивидуални слободи на човекот и по својата суштина претставува човекова сигурност во однос на државната власт. Припаѓа на групата најстари права и слободи[2] кои се нарекуваат и традиционални права и слободи. Со овие лични права и слободи се штити физичкиот и духовниот интегритет на човекот и неговата приватност, а припаѓаат на секој поединец. Личната слобода прв пат е сеопфатно регулирана и загарантирана со правен акт кој го донел Парламентот на Англија во далечната 1679 година – Habeas Corpus Act, со чие носење, гаранцијата за лична слобода станува неизбежен чинител на каталогор човекови права во уставите на современите држави и меѓународни документи за слободата и правата на човекот.

Носењето на овој акт е значајно бидејќи тогаш институтот Habeas corpus станал гаранција за личната слобода. Споменатото историско значење на личната слобода влијаело на тоа оваа слобода да ја гарантира скоро секој пишан устав, од појавата на пишаните устави до современите устави, како и на содржинското опфаќање на уставната регулатива во некои уставни системи.

Човековата сигурност, како сржа на основното право на слобода на личноста, од самото настанување на ова право па до денес, се сфаќа како забрана на властите самоволно да одземаат слобода[3]. Гаранциите од произволно и самоволно лишување од слобода се содржани во многубројни меѓународни документи, како што е Европската конвенција за заштита на човекови права и основни слободи, Универзалната декларација за човекови права, Меѓународниот пакт за граѓански и политички права и секако во уставите на земјите.

[2] Оваа група права била загарантирана со правни акти кои претходеле на прпвите пишани устави, затоа се нарекуваат најстари, односно традиционални права и слободи

[3] Стојановиќ, Д., Основна права човека, Људска права и слободе у уставима европских држава, Ниш, 1989

Цивилизациските стандрди, содржани во најзначајните меѓународно правни акти и устави на демократските држави, налагаат личната слобода да може да се ограничи, само за потребите на кривичната постапка и под стриктно одредени услови.

1.2 Лишување од слобода

Лишувањето од слобода го подразбира чинот на затворање, односно физичко изолирање од редовната животна средина на лице осомничено за извршување на кривично дело или за спроведување на службено овластување, но подразбира и лишување од личната слобода како и лишување од личната слобода како резултат на пресуда за сторено кривично дело. Овој метод е дефиниран од два елементи, објективен и субјективен. Објективниот елемент претставува форма на затворање на лицето во определен ограничен простор, област или предел без можност за негово напуштање во конкретен и определен временски период[4]. Додека пак субјективниот елемент налага отсуство на согласност од лицето за таа форма на ограничување на правото на слобода, односно бидејќи лицето на валиден начин се согласило со затворањето за кое станува збор, се смета дека лицето е лишено од слобода. Кога судот го определува лишувањето од слобода, неопходно е да ја има предвид секоја конкретна ситуација и околностите од оваа мерка, односно да води сметка за видот, времето на лишување од слобода, ефектите од лишувањето, како и начинот на спроведување на мерката за која станува збор. Ова се прави од причина што разликата меѓу лишувањето од слобода и ограничувањето на слободата е единствено во степенот на интензитетот на мрежата, а не во природата, односно во нејзината суштина.

1.3 Права на лицата лишени од слобода

Европската конвенција посебно внимание посветува на правата на лицата лишени од слобода. Целта на овие права е да му овозможат на поединецот да се брани против неосновано лишење или затворање. Овие права се врзани за моментот на апсење и не се ограничени на преткривичната постапка или кривичната постапка, туку се

[4] Мерката притвор помеѓу домашната и европската пракса, Коалиција на здруженија на граѓани, Сите за правично судење, Скопје

распространуваат на сите случаеви на апсење, во било која постапка пред државните органи и независно од целта и причините за лишење од слобода.

Европската конвенција предвидува дека лицето лишено од слобода ги има следниве права[5]:

- Веднаш и на јазикот кој го разбира да биде известено за причините за апсење и за секое обвинение против него, освен тоа што претставува елементарно право на секое лице да знае зошто е лишено од слобода, известувањето за причините за притворање е дел од системот за заштита на притворените лица. Ова право е претпоставка за користење на постапката за контрола на законитоста на притворање пред судот. Причините за притворање на лицата лишени од слобода, мора да бидат соопштен веднаш, односно во најкраток рок
- Да биде известно за правото на стручна помош од адвокат по свој избор
- Без одложување да биде изведено пред судија и да му се суди во разумен рок или да биде ослободен од судење, оваа обврска на државата се врши автоматски и независно од тоа дали постои такво барање на лицето лишено од слобода, а целта на ова право е на притвореното лице да му се обезбеди делотворна заштита веднаш после лишување од слобода. Во процесна смисла, надлежните судски органи имаат обврска да го сослушаат притвореното лице, а во материјална смисла треба да се разгледа прашањето на законитоста на притворање
- Да покрене постапка во која судот под итно ќе ја испита законитоста на лишување од слобода и да наложи пуштање на слобода ако лишувањето на слобода е незакоснко, оспорувањето на законитоста на одлуката за притворање може да се однесува како на процесноправна, така и на материјално правна законитост на одлуката
- Има право на надомест на штета ако е незаконски лишено од слобода.

Право на надомест на штета подразбира дека во конкретниот случај е утврдена повреда на одредбите на член 5 на Конвенцијата, како од страна на домашните судови, така и од страна на Европскиот суд на човекови права.

[5] Димитријевиќ, В., Притвор и други видови ограничења личне слободе у кривичном поступку, Ниш 2023

2. МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРИСУСТВО НА ОБВИНЕТИОТ И ЗА НЕПРЕЧЕНО ВОДЕЊЕ НА КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА

Тргнувајќи од дефиницијата за кривична постапка како збир на различни активности преземени од страна на државните органи со цел реституција на сите последици од стореното кривично дело, се доаѓа до заклучок дека кривичната постапка има двојно значење. Во прв ред, таа треба да го заштити правниот систем на една земја од вршење кривични дела, а таа заштита се гледа во спроведување на законска постапка која има за цел утврдување дали одредено лице има извршено кривично дело и кое, која кривична санкција треба да му се изрече и дали и во кој обем, треба да ја надомести штетата. Од друга страна, кривичната постапка мора да ги заштити и лицата кон кои се води кривична постапка од самоволие и незаконско постапување на државните органи. Со цел остварување на оваа задача, воспоставени се бројни права кои ги има обвинетиот во кривичната постапка.

Одредувањето на поимот мерки за обезбедување на присуство на обвинетиот и за непречено водење на кривичната постапка, се претпоставува со претходно утврдување на сите заеднички карактеристики на оваа група луѓе. Прва заедничка карактеристика на сите мерки е нивната цел, која се состои во обезбедување на присуство на обвинетиот и непречено водење на кривичната постапка. Другата заедничка карактеристика се состои во тоа што сите овие процесно правни институти претставуваат мерки. Следна заедничка карактеристика на оваа група процесни институти се состои во тоа што може да ги одреди само органот за постапување.

Тоа секогаш се мерки со процесна принуда, дури и кога е во прашање повикот како мерка со најблаг облик на процесна принуда. Во однос на повикот, процесната принуда се состои во тоа што не е на волјата на обвинетиот дали сака да се јави на повикот или не, во крајна линија, тој најчесто тоа и не го сака, туку за него повикот претставува обврска. Процесната принуда се гледа во нееднаквоста на волјата меѓу органите кои повикуваат и повикуваното лице, бидејќи органот за постапување е тој кој го одредува местото и времето кога мора да се појави обвинетото лице, а повиканото лице нема можност без последици неоправдано да не одговори на повикот. Во овој случај, процесната принуда се постигнува со одредување на процесната последица за случај на неоправдано неодговарање на повикот,

а тоа е најчесто одредување на некои од построгите мерки. Последната заедничка карактеристика се гледа во обврската органите на постапување при одредување на мерките, да водат сметка да не одредат потешка мерка, ако истата цел може да се постигне со поблага.

Имајќи ги во предвид заедничките карактеристики, овој процесен институт може да се дефинира како збир на мерки за процесна принуда на органите за постапување, кои се преземаат заради обезбедување присуство на обвинетиот и непречено водење на кривична постапка, при што мора да се води сметка да не се одреди потешка мерка, ако истата цел може да се постигне со поблага.

Значи, присуството на обвинетиот, но и другите процесни субјекти е од голема важност за нормално одвивање на кривичната посапка. Прво, присуството на обвинетиот е непходно за да се утврди основаноста на кривичноправното барање за казнување на обвинетиот, потоа обезбедување на неговото присуство, на обвинетиот му се пружа можност да ја оспори фактичката иа правната темелност на кривичноправното барање кое е суштина на обвинителниот акт на овластениот обвинител. Потоа, со активно учество на процесните субјекти се овозможува почитување на основните начела во кривичната постапка, како што се принцип за непосредност, усменост и контрадикторност, а кои се претпоставки на законската судска одлука.

Сите процесни субјекти се должни да се појават на суд, во текот на постапката, но ако не се јават, законодавецот има предвидено принудни активности, како и правила, кои мора да се почитуваат при примена на овие мерки. Тоа се следниве правила[6]:

- Закнитост, обврска на органите за постапување при примена на мерките строго да се придржуваат на законските услови за нивна примена
- Правило на каскадна експедитивност, обврска на органите за постапување да не применуваат тешка мерка ако истата цел може да се постигне со примена на поблага мерка
- Обврска на органите за постапување да ја укинат мерката по службена должност ако престанале причините за примена на истите

[6] Димитријевиќ, В., Притвор и други видови ограничења личне слободе у кривичном поступку, Ниш 2023

- Процесна супституција, обврска на органите за постапување, одредена мерка да ја заменат со поблага ако за тоа настанат законски услови.

Процесното право опфаќа неколку мерки за обезбедување на пеисуство на обвинетиот и непречено водење на кривичната постапка, а тоа се:

- Покана
- Приведување
- Гаранција
- Лишување од лосбода
- Задржување
- Притвор.

Примената на овие мерки ја одредува органот за постапување така што може да одреди една, но не постојат процесни пречки ни за одредување на две или повеќе мерки кумулативно. Поединечни мерки ги одредува судот, а некои јавниот обвинител. Од субјективните околности значајни за одлука која од мерките ќе се применува, пред се треба да се истакне тежината на кривичното дело, степенот на повреда или загрозување на заштитеното добро, а од субјективните околности личноста на сторителот, неговиот претходен живот, држењето на сторителот после извршеното кривично дело и слично[7]

2.1 Покана

Покана е првата и најблага мерка за обезбедување на присуство на обвинетиот и други споредни субјекти во кривичната постапка. Поканата е писмена наредба на јавниот обвинител или судот упатена до обвинетиот да дојде во одредено време на одредено место заради извршување на процесни активности, под закана со мерки за процесна принуда во случај на недоаѓање[8]. Јавувањето на поканата претставува општа должност на секој учесник во постапката, а посебно на обвинетиот, затоа непочитувањето на оваа должност повлекува

[7] Бејатовиќ, С., Притвор и друге мере обезбеђења присуства окривљеног у кривичном поступку, Београд 2019

[8] Curcic, V., Krivicno procesno pravo, opsti deo, Nis, 2014

со себе одредени штетни процесни последици за обвинетиот, а тоа е издавање наредба за приведување. Но, мора да се нагласи дека органот за постапување нема во секој конкретен случај веднаш после нејавување на обвинетиот да изрече наредба за негово приведување, како построга мерка. Ова не е задолжителен начин за постапување на органот, туку процесна можност која му се остава на проценка, па нема законски пречки во случај на нејавување на обвинетиот на повикот, органот за постапување да оцени дали треба да ја повтори поканата, а не да пристапи кон изрекување построги мерки.

Во пракса, може да се случи обвинетиот објективно да не е во можност да се јави на поканата, да дојде во судот во одредено време на одредено место поради некои посебни околности (пример болест). Но, во тој случај обвинетиот е должен навремено да го оправда своето отсуство. Органот има дискреционо овластување во тој случај да го сослуша на местото во кое се наоѓа или да му обезбеди превоз до зградата на органот или местото каде што ќе се одвива разговорот. Кога обвинетиот се повикува прв пат, поканата мора да содржи поука за правото на бранителот со задолжителна назнака дека на неговото сослушување може да присуствува адвокат. Поканата мора да биде доставена навремено за обвинетиот да има доволно време да се појави.

Поканата може да смета за неуредна ако не е доставена на прописен начин, ако нема законски предвидена содржина и кога рокот кој е одреден за јавување е помал од законскиот. Во случај на неуредна покана, нејавувањето не повлекува со себе никакви штетни последици по обвинетиот.

2.2 Приведување

Приведување е мерка за обезбедување присуство на обвинетиот која се одредува во случај ако обвинетиот не се јави на поканата. Со оваа мерка се ограничува слободата на движење на лицето кое се доведува. Затоа за примена на оваа мерка потребно е да се исполни еден од трите услови:

- Кон лицето да е одреден притвор со носење решение за притвор
- Уредно повиканиот обвинет да не се јави на поканата и да не го оправда своето изостанување

- Ако на обвинетиот не може уредно да му се достави поканата, а од околностите на случајот произлегува дека обвинетиот очигледно го избегнува примањето на поканата.

Во сите останати случаеви приведувањето на обвинетиот е противзаконско.

Наредбата за приведување ја носи јавниот обвинител или судот, и тоа секогаш во форма образложен во писмена наредба, кога за тоа ќе се стекнат законски пропишани услови. Против наредбата за приведување не е дозволена жалба од причина што се работи за мерка која одликува итност во постапувањето и која по природата на работите мора брзо да се изврши. При тоа, со извршување на наредбата за приеведување, лицето се лишува од слобода само за времето додека не биде приведено од органот за постапување, но врз основа на оваа наредба не се затвора. Органот е овластен на обвинетиот да му ја повтори поканата, кога обвинетиот нема да се јави, ако оцени дека тоа е важно, освен во случај која уредно поканетиот обвинет не се јави на покана за јавниот претрес, а не го оправдал своето отсуство. Во наредбата во главно се означува и точното време кога обвинетиот треба да се приведе, а ако во наредбата не е наведено времето, тогаш обвинетиот треба да се приведе во работно време на органот кој ја издал наредбата.

Извршувањето на наредбата за приведување се доверува на органот за внатрешни работи, односно на полицијата. Полицијата е должна, според општите правила за извршување на овие наредби, наредбата да ја изврши веднаш, освен во случај ако органот наредил поинаку.

2.3 Гаранција

Гаранција одредува исклучиво судот и тоа како супститут за притвор на обвинетиот на кој му е веќе одреден притвор, или кому допрва треба да му се одреди притвор. Оваа мерка се состои во имотна гаранција на обвинетиот или друго лоце дека обвинетиот до крајот на кривичната постапка нема да избега, а самиот обвинет ветува дека нема да се крие и дека без одобрение на судот нема да го напушти живеалиштето. Гаранцијата се состои од морална гаранција на обвинетиот и имотна гаранција на обвинетиот или друго лице. Основната предност на оваа мерка за обезбедување присуство на обвинентиот се гледа во

отстранување на негативните последици кои настануваат при лишење од слобода со одредување притвор. Во член 5, став 3 од Европската конвенција за човекови права предвидено е пуштањето на слбода на обвинетиот додека трае постапката, може да се услови со гаранција[9].

Постојат два вида на гаранции. Лична (вербална) гаранција се состои во задолжување на некое лице кое не е обвинето дека ќе плати одредени износ на пари, ако обвинетиот избега, а притоа тоа лице не дава пари однапред во судски депозит. Висината на паричниот износ на гаранцијата треба да е таква што ќе го отстрани секој сомнеж дека обвинетиот ќе избега. Лична гаранција се состои во лична обврска на еден граѓанин или повеќе, кои во случај на бегство на обвинетиот го плаќаат целиот износ на гаранцијата. Вистинска гаранција се состои во депозирање на кеш пари, заложување на движни ствари или во ставање под хипотека на недвижност, а се со цел гаранција дека гарантот ќе плати одреден паричен износ ако обвинетиот го прекрши ветувањето дека нема да се крие, односно дека нема да го напушти престојувалиштето. Ваквиот вид на гаранција може да го пружи и самиот обвинет.

[9] Macovei, M., The right to liberty and security of the person, A guide to the implementation of Article 5 of the European Convention on Human rights, Strasburg 2002

3. ПРИТВОР ВО КРИВИЧНА ПОСТАПКА

Притворот е најтешка мерка предвидена за обезбедување на присуство на обвинетиот и успешно водење на кривичната постапка. Притворот значи одземање на слободата за движење на обвинетиот, поради што лицето се сместува во специјални затворени простории. Во минатото, притворот се сметал за „казна која се применува пред казната[10]“. И покрај штетните последици кои ги носи со себе, притворот сепак е најефикасна мерка за обезбедување присуство на обвинетиот и непречено водење на кривичната постапка. Притвор може да одреди исклучиво судот како мерка ultima ratio и само кога ќе се исполнат сите услови предвидени со закон, за одредување на притвор.

Притворот се дефинира како „превентивно лишување од слобода на лице против кое постои основан сомнеж дека сторило кривично дело и се сфаќа како принудни држење на обвинетиот на одредено место заради постигнување на одредени процесни цели и под услови предвидени со закон[11]“. Притворот се смета за неопходна мерка за заштита на јавната безбедност и осигурување на извршување казна, односно истражување за самите кривични ствари. Постои сфаќање според кое притворот е принудна мерка за обезбедување, со која се ограничува слободата на обвинетиот, заради спречуваање на негово бегство од судење, како и спречување на обвинетиот да го отежне утврдувањето на вистината и евентуално да направи ново кривично дело.

3.1 Правна природа на притворот

Што се однесува до самата правна природа на притворот, едно од прифатените гледишта во теоријата на процесно право е дека притворот претставува мерка за процесна принуда чија суштина е привремено лишување на слободата на обвинетиот, првенствено во процесни цели.

[10] Бекарија, Ч., О злочинима и казнама, Сплит, 1984

[11] Радуловиќ, Д., Притвор у кривичном поступку, Ниш, 1987

Притворот не е кривична санкција, туку принудна мерка со процесен карактер. Порано, наместо називот притвор се користел називот истражен затвор. Притворот е ultima ratio мерка, односно се одредува исклучиво и тоа кон лице за кое постои основан сомнеж дека извршило кривично дело. Станува збор за една од принудните мерки со кои се обезбедува присуство на оообвинетиот во кривична постапка.

Притворот некогаш во јавноста, за одредени многу тешки кривични дела, често и се очекувал, но не смее да се заборави, а тоа пред се важи за одговорната стручна јавност, дека притворот иако по логика на нештата се извршува во затвор, секако не е казна. Судот мора да биде имун на влијанијата на јавноста, а особено политичката јавност или било која друга гранка на власт, и кога станува збор за притвор, всушност особено кога станува збор за притвор, треба да се има во предвид дека основна должност на судот е праведно водење на кривичната постапка, што вклучува и доследна заштита на човековите права и слободи. затоа притворот во никој случај не смее да се одредува рутински, особено со должината на траење на притворот, не смее на еден фактички начин, во извесна мера да се прејудицира идната одлука на судот во однос на постоење вина кај обвинетиот[12].

Притворот од казната се разликува во следново:

- Притворот се одредува кон лице за кое постои основано сомнение дека извршило кривично дело, додека казна се изрекува на лице за кое во текот на постапката е докажано дека е виновно
- Притворот има факултативен карактер, додека со казната не е таков случајот
- Целта на притворот е обезбедување на присуство на обвинетиот во кривичната постапка, додека целта на казната е генерална и специјална превенција
- Траењето на притвор е ограничено, додека казната затвор може да трае многу долго, дури дваесет до четириесет години
- Притворот се одредува исклучително, додека казната е кривична санкција која се изрекува за најголем број кривични дела.

[12] Bejatovic, S., Pritvor i druge mere obezbedenje prisustva okrivljenog u krivicnog postupku, Beograd 2019

Притворот исто така, не треба да се изедначи ни со полициско апсење, бидејќи полициското апсење е мерка која и претходи на притворот, односно дејност на полицијата која има за цел некое лице да се приведе кај јавниот обвинител. За притворот се одлучува со решение, додека пак полициското апсење се спроведува без никаква одлука. Максималното траење на притворот е ограничено на шест месеци, додека полициското апсење не би требало да трае повеќе од осум часа. Притворот се разликува и од другите мерки како што се задржување на местото на извршување на кривично дело, привремено сместување на малолетници во установа, сместуваање на обвинетиот во психијатриска установа заради лекување и слично. Овие мерки, за разлика од притворот имаат неформален карактер. Освен тоа, со нив се ограничуваат само делови од човечката слобода, додека со притвор се ограничува само личната слобода.

3.2 Основи за одредување притвор

Притворот претставува ограничување на правото на слобода и безбедност на личноста, затоа тој е дозволен само и се додека е апсолутно неопходно[13]. Секое лишување од слобода на некое лице, мора да биде засновано на оправдани причини. Под основи за одредување притвор се подразбираат околности со објективен и субјективен карактер, кои оневозможуваат нормален тек на кривична постапка, а се однесуваат на обезбедување присуство на обвинетиот. За да се одреди притворот потребно е да постои еден општ услов, а тоа е постоење основан сомнеж дека некое лице извршило кривично дело. Освен овој општ услов, потребно е да биде исполнет уште еден или повеќе посебни услови за одредување притвор. Тие основи се некои околности со објективен или субјективен карактер кои оневозможуваат присуство на обвинетиот во кривична постапка. Основи за одредување притвор се:

- Опасност од бегство
- Опасност од доказна опструкција
- Притвор одреден од превентивни причини

[13] Macovei, M., The right to liberty and security of the person, A guide to the implementation of Article 5 of the European Convention on Human rights, Strasburg 2002

- Притвор одреден поради тежината на кривичното дело и поради вознемирување на јавноста.

3.2.1 Опасност од бегство

Се смета дека оваа основа е исполнета ако обвинетиот се крие, или не може да се утврди неговиот идентитет, или во својство на обвинет избегнува да дојде на главен претрес или ако постојат други околности кои укажуваат на опасност од бегство. Тие околности не се таксативно наведени, туку се провлекуваат низ судската пракса, а некои од нив се напуштање на местото на сообраќајна незгода со која е повреден пешак без претходно запирање на возилото при што обвинетиот не живее на пријавената адреса, обвинетиот е странец кој поседува фалсификувани документи или не го пријавил престојот во земјата.

Најпрво, опасноста од бегство постои ако обвинетиот се крие. Криење на обвинетиот подразбира живеење на некое тајно место, за разлика од бегството кое е динамично. Криењето, значи не е класична форма на бегство, но е составен дел од оваа основа, бидејќи е мотивирано од истите причини. Тоа што обвинетиот е пријавен на една адреса, а непријавено живее на друга на судот позната адреса само по себе не претставува постоење на околност која укажува на опасност од бегство. Притворот по оваа основа мпже да се одреди и кога органите за постапување не можат без потешкотии да го утврдат идентитетот на обвинетиот. Ако со помош на лични документи, препознавање, земање отпечатоци и слично, не може да се утврди идентитетот на обвинетиот за некое разумно време, а за тоа време постои опасност дека обвинетиот може да побегне, се смета дека е исполнет услов за одредување притвор по оваа основа.

Притворот може да се одреди ако обвинетиот очигледно избегнува да дојде на главниот претрес, односно кога не се јавува на поканата од судот, попречувајќи и одолговлекувајќи ја на тој начин целата постапка. Судот е должен во секој конкретен случај да оцени дали нејавувањето на поканата од судот претставува избегнување да се дојде до главниот претрес. И на крај, постојат и други околности кои укажуваат на бегство, односно тоа се сите оние околности кои укажуваат на тоа дека обвинетиот би можел да отиде во непознат правец.

3.2.2 Опасност од доказна опструкција

Притворот по оваа основа може да се одреди ако постојат околности кои укажуваат дека ќе се уништат, сокријат, изменат или фалсификуваат доказите или трагите на кривично дело или ако личните околности укажуваат дека ќе ја попречат постапката со влијаење на сведоците, соучесниците или прикривачите. Притворот одреден по оваа основа има за цел да спречи доказна опструкција на обвинетиот.

Оваа основа за притвор има за цел да ја сочува автентичноста на доказите, затоа што постои можност обвинетиот да влијае на материјалните докази или на лица кои се од важност за самата кривична постапка. Обвинетиот може да влијае на доказите така што ќе ги[14]:

- Уништи физички, така што веќе нема да постојат
- Променат, модицифираат со некое дејство кое ќе ги направи неподобни за постапката
- Сокријат, однесат на некоја скриена локација за која не знаат органите за постапување
- Фалсификуваат, преиначат во однос на содржината и изгледот.

Исто така, обвинетиот може да влијае на сведоците, соучесниците или прикривачите така што ќе им упатат закани, вербално и физички ќе ги заплашуваат, ќе им нудат мито и слично. Обвинетиот може влијанието да го оствари во непосреден разговор, односно вербален контакт со сведоците, соучесниците или прикривачите, во телефонски разговор, по пат на размена на писма, e-mail коресподенција, односно било кое друго адекватно средство за комуникација. Токму поради ова, судот може да одреди притвор за обвинетиот, но само додека не бидат обезбедени сите докази поради кои е одреден притворот.

[14] Јекиќ, З., Кривично процесно право, Београд 2003

3.2.3 Притвор одреден од превентивни причини

Притворот се одредува ако постои опасност дека обвинетиот во краток временски период ќе го повтори кривичното дело или ќе го доврши кривичното дело во обид, или ќе стори кривично дело со кое се заканува. Суштината на одредувањето притвор по оваа основа е заштита на општеството од можно криминално однесување на обвинетиот. Опасноста од повторување на кривичното дело се нарекува уште и итерациска опасност. Смислата на оваа основа е заштита на правниот поредок од можно нарушување на потенцијално очекувано продолжение на криминалното однесување или рецидивизам.

За да се одреди притвор по оваа основа, потребно е да постои една од трите опасности кои се предвидуваат по овој основ, а тоа се:

- Опасност дека обвинетиот ќе го повтори делото
- Опасност дека обвинетиот ќе го доврши делото кое го започнал
- Опасност дека обвинетиот ќе го стори делото со кое се заканува.

За да се одреди притворот, доволно е да постојат околности кои укажуваат само на една од трите претходно споменати опасности. Под повторување на кривичното дело се подразбираат сите активности на обвинетиот кои се насочени кон повторно извршување на истото или слично дело. Да се доврши може само она кривично дело кое му се става на товар на обвинетиот, а се завршило при обид[15]. И на крај, за обвинетиот да се заканува со извршување на кривично дело, заканата мора да биде манифестирана и сериозна.

При оценка на околностите кои укажуваат на опасност од повторување на делото од страна на обвинетиот, судот најчесто ги зема во предвид следниве околности[16]:

- Зависност од употреба на алкохол или опојни друго
- Претходно осудување на обвинетиот
- Временски период кој поминал помеѓи извршување на кривичните дела

[15] Трешњев, А., Мере за обезбеђење присуства окривљеног и за несметено вођење кривичног поступка, Београд 2016

[16] Спасојевиќ, Г., Разлози за одредивање притвора и његово трајање, Београд 2005

- Претходниот начин на живот на обвинетиот
- Пријава во полиција
- Однесување после извршување на кривичното дело
- Сличност на кривичните дела кои ги извршил обвинетиот.

Според сето наведено, одлуката на судот за одредување на притворот по оваа основа, мора да биде добро образложена и аргументирана.

3.2.4 Притвор одреден поради тежината на кривичното дело и поради вознемирување на јавноста

Оваа основа има субјективна компонента (вознемирување на јавноста) и објективна компонента (пропишана и изречена казна). Под вознемирување на јавноста се подразбира ситуација во која владееле паника и страв кај граѓаните поради тежината и последиците на делото бидејќи сторителот на делото се уште е на слобода. Вознемирувањето на јавноста по својот обем и интензитет мора да го надмине вообичаеното вознемирување, кои инаку по правило, е присутно во сите предмети во кои се суди за тешки кривични дела. Вознемирувањето на јавноста е една субјективна основа за одредување на притворот, еден стандард кој судот го проценува во секоја конкретна ситуација. Затоа, потребно е да се биде внимателен бидејќи употребата на правни стандарди кои подразбираат можност за еластично толкување не е посакувана во регулативата со која се легализира можноста за одредување на мерки кои можат сериозно да ги загрозат правата на обвинетиот[17].

[17] Bejatovic, S., Pritvor i druge mere obezbedenje prisustva okrivljenog u krivicnog postupku, Beograd 2019

3.3 Постапка за одлучување за притвор

Ексклузивно право за одредување на притвор има судот. Пред носење на решението за одредување притвор, судот е должен да го сослуша обвинетиот за причините за одредување на истиот. На сослушувањето може да присуствива бранителот на обвинетиот, како и јавниот обвинител, иако сослушувањето може да се изврши и без нив, доколку уредно повикани, не дојдат на сослушувањето. Во одредени ситуации, притворот може да се одреди и без претходно сослушување на обвинетиот и тоа:

- Ако уредно повикан обвинетиот не се појави, а нема ни оправдание за изостанокот
- Ако поканата не може уредно да се достави, а се смета дека обвинетиот го избегнува приемот на истата
- Ако постои опасност од одложување.

Судот го одредува притворот во форма на решение. Тоа решение мора да содржи одредени елементи:

- Име и презиме на оној кој се притвора
- Кривичното дело за кое се товари
- Законската основа според која се одредува притворот
- Време на траење на притворот
- Време на апсење
- Поука за право на жалба
- Образложение на основата за одредување на притвор и
- Печат и потпис на судијата кој го одредува притворот.

Решението со кое се одредува притвор во истрагата, го носи судијата за претходната постапка, а после подигнување на обвинението решението го носи советот. Од почетокот на главното рочиште до објавување на пресудата за притвор, одлучува судскиот совет. Притворот се одредува, продолжува и укинува со посебно решение, значи судот не одлучува за притворот во изречената пресуда.

3.4 Судење во разумен рок

Со Европската конвенција за заштита на човекови права и основни слободи предвидено е и право на судење во разумен рок. Кога се во прашање затворските предмети, правото на судење во разумен рок произлегува од член 5 став 3 од Коннвенцијата, во кој се наведува дека секој има право да му се суди во разумен рок или до судењето да биде пуштен на слобода. Покрај овој член, член 6 од Конвенцијата гарантира право на праведно судење, во чии рамки се гарантира и правото на судење во разумен рок. Овие два правни институти меѓусебно се разликуваат по тоа дали обвинетото лице се наоѓа во притвор или се брани на слобода, а другата разлика се гледа во самото траење во разумен рок. За судење на лица кои се лишени од слобода разумниот рок е многу пократок во однос на оној која важи за судење лица кои се бранат од слобода.

Кога е во прашање стилизација на одредбата на член 5 став 3 од Конвенцијата, која гласи дека секој има право да му се суди во разумен рок или до судењето да биде пуштен на слобода, нејзината смисла не е да се овозможи избор меѓу судењето во разумен рок и пуштањето на слобода, туку притвореникот да не се држи во притвор подолго од што е разумно, како и да му се суди во разумен рок[18]. Терминот разумен рок е правен стандард кој не може да се определи на точно одреден временски период, туку се проценува во секој поединечен случај и зависи од низа конкретни околности.

Како период релевантен за утврдување дали судењето е спроведено во разуменрок, се зема периодот од моментот на апсење до изрекување на првостепената пресуда и овој правен принцип не се врзура стрикрно за формалната судска постапка, туку во одредена мера се применува и на преткривична постапка. За самата оценка дали притворот траел разумно долго, односно дали судењето е во разумен рок, значајни се две прашања[19]:

- Дали причините кои ги зел во предвид кривичниот суд се релевантни и доволни да го оправдаат продолжениот притвор и

[18] Европски систем заштите људског права искуства и нови изазови, Правни факултет Ниш, 2005

[19] Теорија и пракса Европске конвенције о људским правима, Сарајево, 2001

- Дали националните судски органи покажале посебна ревност во спроведување на постапката против притворено лице.

Според праксата на Европскиот суд, должината на траење на притвор се смета за непримерна кога истражните органи според сите околности на случајот се водат бавно и ја одолговлекуваат постапката. Од друга страна треба да се напомене дека притворено лице, додека се наоѓа во притвор, не може да биде одговорно за одолговлекување на постапката, освен ако не ги злоупотребува своите процесни права, или ако должината на траење на постапката може да се препише на неговото однесување.

Според Европскиот суд, сложеноста на предметите е еден од важните чинители за одлуката за тоа дали во притворскиот предмет се суди во разумен рок. Во поединечни случаеви, сложеноста на предметите може да се гледа во фактот дека се работи за предмет на организиран криминал, кој во главно во себе опфаќа корупција и сериозни кривични дела и кој по дефиниција создава повеќе потешкотии за истражните органи, а подоцна и за судовите при утврдување на фактите и степенот на одговорност на секој член на групата. Очигледно е дека во предметите од овој вид, постојаната контрола и ограничувањето на можностите на обвинетите меѓусебно да контактираат, како и да контактираат со други лица, може да биде од суштинско значење за да се избегне нивно бегство, прикривање докази и најважно, влијание на сведоците или дури и закана кон нив, па во такви случаеви периодот на притвор е подолг од инаку и како таков, може да биде разумен.

3.5 Обврска за образложување на одлуката за притвор

За одлуката за одредување или продолжување притвор во согласност со Европската конвенција таа мора да биде адекватно образложена. При одлучување за притвор, судот мора да ги разгледа сите релевантни факти кои се од значење за одредување или продолжување притвор, а во образложението мора да бидат наведен како факти кои одат во прилог на притворањето, така и факти кои одат во прилог на одбивање на предлогот за одредување притвор. Во случаеви кога притворот се продолжува повеќе пати, во секоја одлука за продолжување на притворот мора сестрано да се разгледаат и образложат сите релевантни околности од значење за притворот, односно дали и понатаму постојат причини поради кои

е одреден притворот. Повторувањето на истите фрази, без впуштање во сериозна анализа на околностите на конкретниот случај, показател е дека судот ја донел одлуката автоматски, недоволно совесно и во спротивност со принципите кои произлегуваат од гаранцијата одредена со Конвенцијата.

3.6 Траење и контрола на притворот

Сите важни меѓународни документи во областа на заштита на правата на човекот, прокламираат принцип на ограничено траење на притворот, затоа што притворот е мерка која ги ограничува човековите права на обвинетиот кој е лишен од слобода. Во таа смисла, Европскиот суд за човекови права го завземал принципот „разумно траење[20]“ на притворот. Европскиот суд дава некои општи насоки и временски одредници за постапување на судовите, но без прецизни определувања, имајќи во предвид дека секој кривичен случај е посебен и се одликува со посебни околности. Во позитивните законодавства, за да се обезбеди почитување на меѓународните стандарди на траење на притворот во разумен рок, пропишани се општи ограничувања при одредување на мерки притвор за да се избегне неоправдано долго траење на притворот, кои, во случај ако притворот се утврди за незаконски и неоснован, ќе претставуваат повреда на загарантираните уставни права на обвинетиот.

Ограничувањата се следниве[21]:

- Најдолго траење на притворот во фаза на истрага е ограничено со максимален рок
- Траењето на притворот мора да биде во директна корелација со целта за неговото утврдување и не смее да биде само по себе цел
- Судовите се должни периодично и автоматски после изминување на извесно време да ја преиспитаат веќе одредената мерка на притвор за да утврдат дали и понатаму постојат причини за притвор (може да се случи во меѓувреме, на пример да се појават

[20] Член 5, Став 3 од Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи

[21] Cakic, M., Pritvor, Nish 2018

нови факти, околности или докази кои овозможуваат изрекување на поблага казна ил укинување на мерката притвор кон обвинетиот)

- Притворот е мерка ја се одликува со итност во постапувањето, затоа е пропишана општа должност на органите за кривично постапување, итно да постапуваат во случаеви кога на обвинентиот му е одреден притвор.

Во истрагата најдолго траење на притворот е ограничено со објективни рокови, со различно траење. Кога обвинетиот се наоѓа во притвор врз основа на решение на судијата за претходна постапка, тогаш најдолго траење на притворот е три месеци од денот на лишување од слобода. Судијата за претходна постапка при тоа има обврска по истек на секои триесет дена да испита дали постојат причини за притвор и да донесат решение за продолжување или укинување на притвор и тоа мора да го направи задолжитлно, независнод од иницијативата на странката и бранителот. Судот нема можност за ex officio да донесе олука за продолжување на притворот, но во случаеви кога за тоа постои иницијатива во вид на писмен и образложен предлог на јавниот обвинител, тој може да го направи тоа. Против ова решение дозволена е жалба, со тоа што таа не го задржува извршувањето на решението, за кое одлучува советот на високиот суд. Ако после истекот на пропишаните рокови за максимално траење на притворот во истрагата не се подигне обвинение, притворот престанува ipso iure и обвинетиот се пушта на слобода во тој случај.

Притворот може да трае само додека траат причините врз чија основа е одреден, односно додека не се постигне целта поради која оваа мерка му била изречена на обвинетиот. Со ова правило се спречува неразумно долго траење на притворот кое може да доведе до штетни последици по обвинетиот, во случај притворањето да биде неосновано. Така на пример во случај кога притворот е одреден додека не се утврди идентитетот на лицата, притворот може да трае додека траат активностите за проверка на идентитетот на лицето, а најдолго до моментот на утврдување на идентитетот. Потоа, во случај кога притворот е одреден поради опасност од доказна опструкција, мерката може најдолго да трае до обезбедување и прибирање на сите докази. Кога е одреден притворот затоа што обвинетиот очигледно избегнува да дојде на главен претрес, ако кон околностите на случајот нема други законски причини за притвор, тогаш притворањето на лицето трае до објавување на пресудата.

Во текот на постапката, со тек на време, основаниот сомнеж кој е неопходен предуслов за одредување на мерката за притвор кон обвинетиот, мора да се преиспита и поткрепи со нови докази со цел утврдување дали и понатаму постои основата за притвор која ја навел правосудниот орган, за да може да оправда продолжување на мерката. Затоа законодавачот пропишал периодична контрола за постоење на законски причини за понатамошно траење на притворот која се спроведува автоматски, по службена должност, независно од предлогот на странката и бранителот, а поврзана е за одредени фази на кривичната постапка.

При контрола на притворот мора да бидат исполнети два услови. Првиот услов е постапката за тече, а вториот е и понатаму да постојат причини за притвор[22]. Временските интервали во кои се контролира притворот се различни и зависат од фазата во која е наоѓа постапката. Првата таква контрола се спроведува од страна на судијата за преходна постапка откако по предлог на јавниот обвинител одредил притвор. Судијата за претходната постапка е должен по службена должност, по истек на триесет дена, да испита дали се уште постојат причини за притвор, и во согласност со тоа да донесе одлука, а тоа може да биде решение за продолжување или укинување на притвор. На овој начин одредениот притвор од страна на судијата за претходна постопка, може да трае најдолго три месеци.

После ова, следна контрола е предвидена во фазата на обвинување која ја спроведува советот, и тоа од потигнување до потврдување на обвинението по истекот на секое триесет дена, а после потврдување на обвинението па до извршување на првостепената пресуда по истекот на секое 60 дена. Контролата на притворот се врши во според закон одредени временски интервали, без оглед дали во меѓувреме е донесено решение за одбивање на предлог на странката за укинување на притворот. После носење на првостепената пресуда, судскиот совет на првостепениот суд е должен веднаш после изрекување на пресудата, по службена должност, да испита дали постојат причини за притвор, во зависност од видот на пресудата и видот и висината на кривичната санкција. Ако на обвинетиот со првостепена пресуда му се изрече кривична санкција која се состои во лишување од слобода, притворот може да се продолжи во упатување на обвинетиот на извршување кривична санкција која се

[22] Лазаревиќ, Ј., Нека основна питања за притвор у редовном кривичном поступку, Београд 1997

состои во лишување од слобода, а најдолго додека не истече времето на траење на кривичната санкција изречена во првостепената пресуда.

3.7 Укинување на притворот

Притворот се укинува со решение на судот ако постои некоја од основите за укинување на притвор кои се пропишани со законите за кривична постапка и за тоа се предвидува соодветна процедура. Сите основи може да се класификуцаааат во повеќе различни групи. Пртиворот се укинува:

- Ако се откаже постапката
- Ако престанат причините поради кои е одреден притворот
- Ако истече рокот на кој е одреден притворот или најдолгиот законски рок после кој притворот не може да трае повеќе и
- Ако се изрече одреден вид на пресуда или одреден вид на кривична санкција.

Обвинетиот кој се наоѓа во притвор, мора да биде пуштен на слобода штом ќе се откаже постапката. Во случаеви кога е покренатa истрага, а добиените докази и резултати на истрагата не се доволни за поткрепување на основан сомнеж и подигнување обвинение, тогаш притворот мора да биде укинат. Исто така и кога после подгигнување на обвинението од одредени причини се откаже кривичната постапка или со решение на судот се одбива обвинението, обвинентиот мора веднаш да се пушти на слобода. Основно правило е дека нема притвор без кривична постапка, затоа ваквото решение на законодавачот е логично.

Судот е должен да го укините притворот што престанат да постојат причини поради кои е истиот одреден, односно последен пат продолжен, бидејќи притворските причини во текот на постапката можат да се менуваат. Значи, се случува иако притворот кон обвинетиот е одреден по една основа, подоцна судот во текот на постапката да утврди постоење на некој друг основ. Во ситуации кога престануваат да постојат причини поради кои е одреден притворот, можно е да се укине на предлог на странката или ex officio. При тоа, за носење на одлука за укинување на притвор не е неопходна иницијатива на странките во вид на предлог за укинување, бидејќи судот во текот на целата постапка, по службена должност, внимава дали престанале причините врз чија основа бил одреден притворот. Најчести ситуации кога се укинува притворот по службена должност е кога судот во текот на

автоматска периодична контрола на притворот ќе утврди дека основата за одредување на притвор престанала да постои. Пример, кога притворот е одреден поради опасност од доказна опструкција, како таков најчесто треба да трае до моментот на завршување на истрагата, бидејќи во главно во оваа фаза на постапување се собираат сите релевантни докази, па причините за понатамошно задржување на лицето повеќе не постојат.

Судот по сила на законот ќе го укине притворот секогаш кога ќе истече максималното траење на кое може да биде одреден притворот. Разликуаме два вида рокови со чие истекување се стекнуваат услови за укинување на притворот, а тоа се судски и законски рокови. Основна разлика помеѓу овие два вида рокови е тоа што судските рокови се оние кои се содржат во самата одлука според која притворот е одреден и трае а законските рокови претставуваат максимални рокови за најдолго траење на притворот и се пропишани од страна на законодавачот. Со оглед на тоа дека притворот се одредува со решение на судот, во кое задолжително се означува траењето на притворот, тој може да трае онолку време колку е одредено во судското решение. Значи, притворот ќе биде укинат кога ќе истече рокот до кој е одреден притворот или продолжен со решение на судијата за претходна постапка, односно од советот. А законските рокови за најдолго траење на притворот се предвидени пред се за фазата истрага, а со истекување на максималниот рок на траење на притворот во оваа фаза, притворот кој е одреден од страна на судијата за претходна постапка или советот на апелациониот суд, мора да се укине. На пример, кога ќе истече рокот од шест месеци, а јавниот обвинител не подигне обвинение против обвинетиот. Или после објавување на пресудата, кога притворот е одреден од причина што уредно повиканиот обвинет очигледно ја избегнува главната расправа. А после изрекување на осудувачка пресуда, притворот може да трае до нејзината правосилност, но ќе се укине и пред тоа ако истекло времето на траење на казната затвор на која е осуден обвинетиот со првостепена пресуда.

После извршување на пресудата на обвинетиот, притворот може да се укине во одредени случаеви, во зависност од видот на пресудата и видот на изречена кривична санкција. Законодавачот како услов пропишал кон обвинетиот да може да се одреди притвор после изрекување на пресудата, единствено ако постапката се завршила со носење осудувачка пресуда, односно на обвинетиот да му е изречена казна затвор од најмалку пет години или потешка казна. Што значи дека притворот задолжително ќе биде укинат и ќе

биде наредено да се пушти обвинетиот на слобода ако е ослободен, или ако е одбиено обвинението, или ако е прогласен за виновен, а ослободен од казна, или е осуден само на парична казна, на казна со работа во јавен интерес, или на казна одземање на возачка дозвола, или му е изречена судска опомена, или е условно осуден, или поради пресметување на притворот казната веќе ја издржал или обвинението е отфрлено.

По прашањето за самата постапка која е предвидена за укинување на притворот, мора да се нагласи дека постапката се разликува во зависност од фазата на кривичната постапка во која се укинува мерката и во зависност од тоа која е основата за укинување на притворот. Притворот може да се укине по службена должност или на предлог на странката. Судот може самоиницијативно во текот на преиспитување на основаноста на мерката, да утврди дали се стекнала основа за укинување на притворот, да донесе решение за укинување на притворот по службена должност. Но, судот го укинува притворот ex officio само по основа на изменета фактичка состојба (ако се утврдиле некои нови факти или докази, а не по повод на друга оценка на состојбата.

Судот го укинува притворот во форма на образложено решение. Решението за укинување на притворот мора да се образложи, како што мора да се образложат и одлуките за одредување и продолжување на притворот. Надлежноста за укинување на притворот се заснова на надлежност за одредување, односно продолжување на притворот, освен во случај на подготвително рочиште, кога претседателот на советот може, во согласност со странките, да го укине притворот или да го замени со поблага мерка. Против тоа решение, не е дозволена жалба.

3.8 Постапување со притворениците

Кога некое лице е лишено од слобода или е притворено, тоа не значи дека останало без заштита на неговите основни права. Сепак, нивното ужување незбежно е намалено во ситуација во која се наоѓа и со безбедносните барања.

Постапувањето со притворениците е регулирано со бројни меѓународни акти. Така забраната на суровото, нечовечно и понижувачко постапување со притворени лица регулирана е со Конвенцијата против тортура и други сурови, нечовечки или понижувачки

казни и постапки на Обединетите нации. Спроведувањето на оваа конвенција е под многу ефикасен надзор на Комитетот против тортура на ОН. Покрај Обединетите нации, во рамките на Советот на Европа, воспоставен е систем за спречување малтретирање и нечовечни или понижувачки постапки и казнување, кој е регулиран со Конвенцијата за заштита од тортура и нечовечко или понижувачко постапување или казнување.

Со оваа конвенција воспоставен е Европски комитет за спречување малтретирање и нечовечни или понижувачки казни или постапки. Задача на овој Комитет е да го испитува постапувањето кон лицата лишени од слобода, со цел, ако е потребно, да укаже дека треба да се зголеми заштитата на тие лица од малтретирање, нечовечни или понижувачки казни или постапки. Европскиот комитет своите задачи ги остварува преку периодични и ад хок посети на сите места во државите потписнички на конвенцијата каде се наоѓаат или каде би можеле да се најдат лицата лишени од слобода и потоа, преку воспоставување дијалог со посетената држава. После секоја посета, Европскиот комитет составува извештај, во кој ги наведува своите наоди и препораки[23].

Конвецијата на ОН против тортура и други сурови, нечовечни или понижувачки казни и постапки, поимот тортура го означува како секој акт со кој едно лице намерно нанесува болка или тешки физички или ментални страдања со цел добивање од него или некое трето лице известување или признание, или заради негово казнување за дело кое тоа или некое трето лице го извршило или за чие извршување се сомничи, заплашување на тоа лице или вршење на притисок на него или заплашување или вршење притисок на некое трето лице или од било која друга причина засновано на било кој облик на дискриминација ако таа болка, или тоа страдање го нанесува службено лице или било кое друго лице кое делува во службено дејство или на поттик на некое службено лице или со негово изречно или премолчено согласување. Тој израз се однесува на болката или страдањето кои се резултат исклучиво на законски санкции, неодвоиви од тие санкции или кои ги предизвикуваат тие санкции[24].

---

[23] Вековиќ, В., Стандарди Европског комитета против мучења и пенитерцијарних регулатива и пракса у РС, Тара 2004

[24] Член 1, Став 1 од Конвенцијата на ОН против тортура и други свирепи, нечовечни или понижувачки казни и постапки

Во член 16 од Конвенцијата сите држави потписнички се обврзуваат на целата територија која потпаѓа под нивна надлежност да се спречат сите дела кои претставуваат свирепи, нечовечни или понижувачки казни или постапки кои не претставуваат тортура во онаа смисла во која тоа е дефинирано во член 1 од Конвенцијата, кога тие дела ги прават службени лица со изречна или премолчена согласност на тие лица. Покрај ова, Генералното собрание на ОН во 1988 година, усвоила корпус принципи во врска со заштита на лицата лишени од слобода и уапсени по било која основа, која детално го дефинира правниот статус на лицата лишени од слобода со над 39 принципи, кои опфаќаат заштита на основни човекови права, забрана на тортура и нечовечно постапување, носење судски одлуки и судска контрола на лица лишени од слобода, еднаква примена на овие принципи на територијата на државата без никаква дискриминација во однос на раса, боја на кожа, пол и друго, одвоено држење на притворениците и осудените лица, право на комуникација, право на одбрана и други права[25].

Европската конвенција, исто така пропишува забрана на тортура. Таа предвидува дека никој не смее да подлежи на мачење, или нечовечно или понижувачко постапување или казнување (член 3 од Европската конвенција за човекови права). Европскиот суд за човекови права, ги дефинира поимите за нечовечно и понижувачко постапување, како и поимот мачење, кои се пропишани во Европската конвенција за човекови права. За да се смета за кршење на член 3 од Конвенцијата, постапувањето кое е во прашање, мора да достигне минимален степен на жестокост. Проценката на овој минимален степен по самата своја суштина е релативна. Таа зависи од сите околности на дадениот случај, а особено од природата и контекстот и траење на постапување, физички и душевни последици и понекогаш од пол, старост, состојба на здравјето на лицето кое ги трпи постапките.

Покрај нечовечното и понижувачко постапуваање, Европскиот суд за човекови права се занимава со дефинирање на мачењето. Мачењето прв пат било дефинирано во пресудата Ирска против Обединетото Кралство[26]. Во таа пресуда Европскиот суд за човекови права смета, дека во согласност со општите правила, прво треба да се разгледа дали постапката

[25] Матовски, Н., Меѓународни правни стандарди за казнена постапка, Зборник на правниот факултт Јустинијан први, Скопје 2010

[26] Ирска против Обединетото Кралство, претставка од серија А, број 25, 18.01.1978

која е во прашање може да биде сведена под поимот нечовечно или понижувачко постапување, а потоа да утврди дали таквата постапка достигнува степен на јачина потребен за да може да се класифицира како мачење. Во пресудата во случајот Адкој против Турција[27], Европскиот суд за човекови права прв пат заклучува дека постапувањето кон предлагачот единствено може да се сведе под поимот мачење. Судот востановил дека предлагачот подлежел на палестинско бесење, со други зборови дека бил соблечен до гола кожа, со рацете завржани позади грб и обесен на рацете. Европскиот суд за човекови права смета дека ваквото постапување по природа било толку сериозно и свирепо што единствено може да се опише како мачење.

Покрај тоа што правата на притворените лица се заштитени во голема мера, помали непријатности, колку и да се непотребни, безначајни или намерно предизвикани, нема да доведат до никакви спорни прашања врз основа на член 3 од Европската конвенција за човекови права.

Кога се работи за постапување со лица кои се под ингеренција на државата, во чии рамки се и притворените лица, државата е таа која мора да обезбеди докази кои би послужиле за побивање на претпоставката дека притвореното лице е претепано. Ова е сосема разбирливо, со оглед дека притвореното лице во целост е под контрола на државата, а на притворените лица би им било тешко да обезбедат докази дека биле претепани за време траење на притворот. Нечовечко и понижувачко постапување на чуварите кон притворените лица (повреда на член 3 од Европската конвенција за човекови права) не претставува само физичко злоставување на притворените лица туку и секој друг нехуман гест кон притворениците, вклучувајќи ги и условите на сместување[28].

Покрај Европскиот суд за човекови права и Европскиот комитет за спречување мачење и нечовечни или понижувачки казни или постапки, се занимавал со стандардите за живот во притвор. Според тие стандарди, сите притворски ќелии мора да бидат со разумни димензии во однос на бројот на лица кои се сместени во нив. На лицата кои се во притвор,

[27] Адкој против Турција, 18.12.1996 година

[28] Трешњев, А., Мере за обезбеѓење присуства окривљеног и за несметено водење кривичног поступка, Београд 2016

треба да им биде дозволено задоволување на сопствените потреби во чисти и пристојни услови, со соодветни погодности за одржување хигиена.

Кога станува збор за контакт на притворениот со членовите од семејството, тоа е гарантирано со член 8 од Европската конвенција за човекови права, кој меѓу другото предвидува право на семеен живот, па во таа смисла и може да биде предмет на контрола на Европскиот суд. При тоа не е спорно контактите со членовите од семејството да можат да бидат ограничени или забранети на одредено време, како што е тоа предвидено во член 8, став 2 од конвенцијата, но во секој конкретен случај треба да се оцени дали условите за ограничување на посетата на членовите од семејството постоеле или не.

Посебно прашање со кое се занимава Европскиот суд е и здравствената заштита на притворените лица. Оваа заштита мора да биде навремена и според здравствената состојба на притворениот. Квалитетот и итноста на лекарската нега мора да бидат такви што нема да го доведат во прашање здравјето и животот на притворениот.

3.9 Притвор во затворски установи

Програмите за прием и воведување играат важна улога за лицата кои се наоѓаат во притвот и кои влегуваат во затворскиот систем. Ако се вршат правилно, на затворскиот персонал му се овозможува да изврши индивидуална проценка на ризикот и потребата, вклучувајќи и идентификација на оние кои се во најголем ризик од самоповредување и во извесна мера да ги ослободат од анксиозност сите новопримени затвореници. Освен тоа, тие пружаат можност за запознавање на затвореникот со начинот на водење на затворот, вклучувајќи го режимот и дневната рутина, и им обезбедуваат можност да контактираат со своето семејство. За таа цел за затворениците потребно е да се обезбедат усмени информации и сеопфатна информативна брошура преведена на повеќе јазици. Посебно внимание треба да се посвети на лицата кои имаат потешкотии во читање и пишување, како

и странски државјани кои не го разбираат јазикот на вработените, да ги разберат пружените информации[29].

Со оглед на големото влијание кое може да го има првиот престој во затвор на одредено лице, може да се размислува за проширување на програмите за воведување на период од неколку дена за на новопримените затвореници да им се овозможи подобро апсорбирање на претставените информации. Ако таквата програма не се изврши правилно, затворениците ќе се потпрат на други затвореници за од нив да дознаат за режимот и правилата, што многу лесно може да доведе до тоа одредени затвореници да се поставав во супериорна положба. Искуството на Комитетот покажува дека во некои земји, програмите за прием и воведување може да траат до неколку седмици, а режимот кој се применува на затворениците кои поминуваат низ такви програми може да биде многу рестриктивен и понекогаш да доведе и до изолација во ќелија/самица.

Повеќето земји пропишуваат раздвојување на притворениците и осудените затвореници, како што е пропишано во Европските затворски правила и другите меѓународни инструменти. Европските законски правила исто така дозволуваат исклучоци во тој поглед за на затворениците да им се овозможи да учествуваат во заеднички организирани активности со осудените затвореници, додека овие две категории на лица лишени од слобода обично се одвоени во текот на ноќта.

Во некои земји постојат ангажмани за заеднички активности за притворениците и осудените затвореници, во кои овие две категории понекогаш се сместуваат во исти ќелии.. по мислењето на Комитетот, овозможувањето на притворениците да учествуваат во организирани активности заедно со осудените затвореници, несомнено е подобро од ограничувањето на притворените на престој во ќелија во траење до 23 часа на ден, во подолг временски период, како што е моментално случајот во многу земји членки на Советот на Европа. Но, потребно е да се вложат напори за сместување на притворениците одвоено од осудените затвореници.

[29] Zadrzavanje u pritvoru, Evropski komitet za sprecavanje mucenja I necovecnog ili ponizavajuceg postupanja ili kaznavanja, Izvod od 26 Opsteg izvestaja, 2017

Од почетокот на своите активности на почетокот на деведесетите години, Комитетот ја нагласувал пресудната важност на соодветни програми за активности за притворениците, вклучувајќи ги и оние кои се притвор. Во тој поглед, сериозно загрижува фактот дека во значаен број земји треба да спроведат конкретни препораки на Комитетот во врска со режимот за притворени лица. Иако се признава дека организирањето на активности во притворските единици на затворот претставува посебен предизвик, неприфатливо е да се затворат притвореници во ќелија и до 23 часа дневно и да се остават препуштени сами на себе со месеци, па и со години.

Што се однесува до контакти со надворешниот свет, Комитетот смета дека на притворените лица начелно треба да им се дозволи комуникација со семејството и со други лица на ист начин како и на осудените затвореници (правило 99 од Европските затворски правила). Сите лица лишени од слобода треба да уживаат право на посета најмалку еден сат секоја седмица и да имаааат пристап за користење на телефон најмалку еднаш неделно. Освен тоа, користењето на современа технологија може да им помогне на затворениците да одржуваат контакт со своите семејства и со други лица.

Во одреден број земји, притворените лица се задолжени да бараат одобрение од судијата или обвинителот за секоја посета посебно. Во таа смисла Комитетот смета дека притворените лица треба да имаат право да примаат посета како ствар на принцип, а не тоа да биде предмет на добивање овластување од судски органи. Секое одбивање да се дозволат такви контакти во одредени случаеви треба посебно да ја оправдаат потребата на истрага со одбруваање на правосудниот орган и се применува во одреден временски период. Ако се смета дека постои постојан ризик од тајно договарање, одредени посети може да се следат.

Според Комитетот, во поединечни случаеви може да постои оправдание за држење на даден затвореник одвоено од некои други затвореници, или во уште поисклучителни околности, од сите затвореници, како и за ограничување на контакти на притворениот со надворешниот свет. Појдовна точка за одредување на режимот за притворениците мора да биде претпоставката за невиност и принципот дека затворениците не смеат да се изложуваат на поголеми ограничувања од оние кои се неопходни за нивно затворање без ризик и адекватно задоволување на интересите на правдата. Секое ограничување треба да биде минимално и да трае што е можно пократко. Без оглед на околностите, ограничувањата

никогаш не треба да се применуваат со цел вршење притисок на лица кои се наоѓаат во притвор до соработа со правосудниот систем. Сместување во самица се применува само во исклучителни ситуации, кога постојат директни докази за сериозна закана за правосудна постапка ако предметното лице стапи во врска со одредено лице или воопшто со други лица.

4. МЕРКИТЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРИСУСТВО НА ОБВИНЕТИОТ И ЗА НЕПРЕЧЕНО ВОДЕЊЕ НА КРИВИЧНА ПОСТАПКА СПОРЕД МЕЃУНАРОДНИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Сите современи правни системи, покрај внатрешното национално право, го признаваат и почитуваат меѓународното право и меѓународните стандарди, во чии рамки областа на човекови права се регулира со три групи инструменти[30]:

- Меѓународни конвенции
- Резолуции и
- Препораки.

Покрај меѓународните регулативи се позначајни се и одлуките на меѓународните судови како извор на меѓународно право[31]. Сите држави меѓународните стандарди ги применуваат непосредно или посредно преку своето внатрешно право.

Меѓународните стандарди за заштита на човековите права посебно внимание посветуваат на мерките за обезбедување присуство на обвинетиот и непречено водење на кривична постапка. Од сите мерки најголемо внимание се посветува на притворот, што е разбирливо со оглед на тоа дека притворот е мерка со која во однос на другите, во најголем обем се ограничуваат човековите права.

Во однос на мерките за обезбедување присуство на обвинетиот и непречено водење на кривичната постапка, од меѓународните извори, во прв ред се споменуваат Универзалната декларација за човекови права[32], Конвенција на ОН против транснационален организиран криминал и дополнителните протоколи, Конвенција на ОН против корупција,

[30] Камбовски, В., Меѓународни стандарди о људским правима, трета димензија казненог права, Примена меѓународних кривичних стандарда у националним законодавствима. Удружење за меѓународно кривично право, Тара 2004

[31] Миленковиќ, Д., Уједињене нације, документи и механизми борбе против тортуре, Тортура, инструменти против демократије, меѓународни документи, законодавство, случајева, Југословенски комитет правника за људска права, Београд 2021

[32] Универзалната декларација за човекови права е усвоена и прогласена со резолуцијата на Генералното собрание на ОН 217 од 10 декември 1948 година, 48 држави гласале за, ниедна против, додека 8 биле воздржани

Конвенција за кривични дела и некои други акти извршени во воздухопловството, Конвенција против тортура и други сурови, нечовечки или понижувачки казни и постапки, Виенска конвенција за дипломатски односи, Виенска конвенција за конзуларни односи, Европска конвенција за меѓусебно пружање правна помош во кривични ствари, со дополнителни протоколи, Европска конвенција за екстрадикција со дополнителни протоколи, Европска конвенција за пренос на постапки во кривични ствари, Европска конвенција за меѓународно важење на кривични пресуди, со додатоци и други.

На меѓународен план, покрај универзалните модели на прокламирање заштита на човекови права, се воспоставуваат и регионални системи за заштита. Овие системи се покажуваат поефикасни од универзалните модели не само поради културните сличности на земјите од одреден регион, туку првенествемо поради можностите за делотворна судска контрола на почитување на човековите права[33]. На тлото на Европа, покрај тоа не е исклучиво посветена на кривичната проблематика, Европската конвенција за заштита на човекови права и основни слободи, во целост го изменила погледот на кривичниот простор, особено во делот кој се однесува на процесното право.

При оценката на европските стандарди за заштита на човекови права треба да се има во предвид дека Европската конвенција се смета за најугледен меѓународноправен механизам, кој содржи и контитуирани институции за спроведување на правото, Европски суд за човекови права, механизам за политички надзор и овозможување на поединецот непосредно да остварува права. Од овие механизми најзначајна е праксата на Европскиот суд за човекови права, која како основна идеја има воспоставување на субјективитет на поединците во меѓународна правна област, во склоп на меѓународниот надзор за почитување на човековите права

Европскиот суд за човекови права двојно придонел за хармонизација на законските решенија во областа на кривично процесно право. Непосредно на тоа придонел во случај на осуда на државата за кршење на основните права и слободи, што се состои во укажување на слабостите на националната кривична постапка, со што посредно се изработува концепт на европска кривична постапка, заснована на моделот на правичен процес. На овој начин

[33] Илиќ, Г., Модел правичног процеса у светлу Европске конвенције за заштиту људских права и основних слобода, Златибор 2004

Европскиот суд за човекови права, на ниво на меѓудржавни односи создава нови правила кои ги обврзуваат државите потписнички на Европската конвенција за човекови права.

Посредното значење на Европскиот суд за човекови права, се гледа во тоа што Европската конвенција востановува голем број гаранции во однос на човековите права. Но, дали внатрешното право е усогласено со Европската конвенија, не е можно да се процени само врз основ на текстот, бидејќи таа, покрај класичните правни правила, содржи и помалку прецизни, флексибилни правни правила, правни стандарди, па Европскиот суд за човекови права го дава вистинското значење на поединечни норми на конвенцијата. Токму затоа, за разбирање на вистинското значење и суштината на правните стандарди, неопходно е изучувањето на одлуките на Европскиот суд за човекови права, во чија интерпретација се гледа достигнатото ниво на универзалност на човековите права за кои се одлучува.

Кога станува збор за Европската конвенција за човекови права, треба да се напомене и дека Европската конвенција се применува на сите држави потписнички, без оглед дали кршењето на човековите права се врши на нивната територија или на територијата на друга држава во која нејзините органи преземаат одредени дејности.

4.1 Меѓународни стандарди за човекови права во врска со притворот

Од меѓународните акти со кои се регулира притворот, во прв ред се споменуваат:

- Меѓународниот пакт за граѓански и политички права
- Универзална декларација за човекови права
- Европска конвенција за заштита на човековите права и основни слободи[34].

Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, во членот 9 предвидува:

- Секој поединец има право на слобода и на безбедност на својата личност. Никој не може да биде произволно уапсен или притворен. Никој не може да биде лишен од слобода освен од причини и според постапката која е предвидена со закон

[34] Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи, изменета во согласност со протоколот бр.11 ратификувана 2003 година

- Секое уапсено лице се известува во моментот на апсење за причините на апсење како што во најкраток рок се известува по писмен пат за секое обвинение кое е подигнато против него
- Секое лице кое е уапсено или притворено поради кривично дело, во најкраток рок ќе биде предадено на судија или некоја друга власт овластена со закон да врши судска функција и мора во разумен рок да биде судено или ослободено. Притворањето на лица кои чекаат судење не е задолжително, но пуштањето на слобода може да биде условено со гаранции
- Секое лице кое е лишено од слобода при апсење или притвор има право да поднесе жалба на судот, за тој да решава без одложување за законитоста на притворот и нареди негово пуштање на слобода ако притворот не е заснован на закон
- Секое лице кое е жртва на незаконско апсење или притвор има право на надомест на штета.

Член 10 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права предвидува:

- Со секое лице кое е лишено од слобода се постапува хумано и со почитување на достоинството неодвоиво од човечката личност
- Обвинетите лица освен во исклучителни ситуации, се одвоени од осудени лица и подлежат на посебен режим, кој одговара на нивниот статус на неосудувани лица. Младите обвинети се одвоени од возрасните и нивните случаеви се решаваат што е можно побрзо
- Казнениот режим опфаќа постапка со осудениците чија главна цел е нивното поправање и социјалната рехабилитација. Младите престапници се одвоени од возрасните и подлежат на режим кој одговара на нивните години и нивниот законски статус

Следен важен меѓународен акт е Универзалната декларација за човекови права, која во член 3 одредува дека секој има право на живот, слобода и безбедност на личноста, а член 9 од истиот акт гарантира дека никој не смее произволно да биде уапсен, притворен или протеран.

Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи во член 5, пропишува право на слобода и безбедност. Овој член предвидува:

- Секој има право на слобода и безбедност на личноста. Никој не може да биде лишен од слобода освен во следниве случаеви и во согласност со постапки препишани со закон:
- во случај на законско лишување од слобода врз основа на пресуда на надлежен суд,
- во случај на законско апсење или лишење од слобода поради неизвршување на законите на судската одлука или заради обезбедување на исполнување некоја обврска пропишана со закон,
- во случај на законско апсење или лишување од слобода заради приведување на лица пред надлежна судска власт поради оправдан сомнеж дека извршил кривично дело, или кога тоа се смета за потребно за да се предупреди извршување на кривично дело или бегство по неговото извршување
- во случај на лишување од слобода на малолетно лице врз основа на законска одлука со цел воспитен надзор или законско лишување од слобода заради негово приведување од надлежниот орган
- во случај на законско лишување од слобода за да се спречи ширење на заразни болести, како и законско лишување од слобода на душевно пореметени лица, алкохоличари или уживатели на дрога
- во случај на законско апсење или лишување од слобода на лица за да се спречи негово неовластено влегување во земјата, или лица против кои се преземаат мерки со цел депортација или екстрадикција.
- Секој кој е уапсен веднаш и на јазикот кој го разбира ќе биде известен за причините за неговото апсење и за секое обвинение против него
- Секој кој е уапсен или лишен од слобода според одредбите од став 1 од овој член без одложување ќе биде изведен пред судија или друго службено лице одредено со закон,

да врши судски фунцкии и ќе има право да му се суди во разумен рок или да биде пуштен на слобода до судењето. Пуштањето на слобода може да се услови со гаранција дека лицето ќе се појави на судење

- Секој кој е лишен од слобода има право да покрене постапка во која судот под итно ќе ја испита законитоста на лишење од слобода и ќе наложи пуштање на слобода ако лишењето од слобода е незаконско
- Секој кој бил уапсен или лишен од слобода во спротивност со одредбите на овој член има право на надомест.

Треба да се напомене и Резолуцијата на Советот на Европа од 1965 година, со која на државите членки им се препорачува заонодавствата да исфрлат задолжително одредување на притворот и притворот да го сведат на апсолутно неопходни основи и мерки[35].

Основни принципи на кои се засноваат меѓународни стандарди за човекови права, поврзани за притвор се[36]:

- Законитост, ограничувањето на правата мора да биде предвидено со закон
- Легитимност, целта на ограничување е интерес кој во конкретни околности е повреден од правото кое се ограничува, а самата цел е предвиден со закон
- Неопходност, мерка со која се ограничува правото е мерка без чија употреба не можат да се остварат легитимните интереси
- Подобност, мерка со која се навлегува во правото е мерка која по својата природа е таква што со неа може да се оствари легитимна цел
- Сразмерност, право во кое се навлегува со овој институт ограничува само онолку колку што е потребно за да се оставари легитимната цел. Ако постои друга мерка која е подобна да се оствари истата цел, а која е помалку штетна или не е штетна воопшто по нечие право, тогаш мора да се употреби таа мерка, а во спротивно ќе дојде до повреда на принципот сразмерност
- Неопходност во демократско општество.

[35] Јакшиќ, А., Европска конвенција о људским правима, Коментар, Београд 2006

[36] Ковачевиќ, Н., Марковиќ, Ж., Николиќ, Н., Притвор – ultima ratio, Београд, 2014

4.2 Разграничување помеѓу ограничување и лишување од слобода на движење

Ограничувањето на слободата на движење може да се изврши на два начини. Првиот се состои во задолжителен престој на одредено место, а вторниот се однесува на ограничување на движењето на одредена територија.

Првата дилема која се наметнува во врска со тоа е во што е разликата помеѓу ограничување и лишување од слобода на движење. За одредено лице да се смета за лишено од слобода, треба да му биде ускратена слободата на движење,односно мора да биде ускратена можноста слободно и без ничие прашање да се оддалечи од одредено место. Тоа не е спорно кога лицето е во полициска станица или кога е затворено во притвор. Покрај тоа, постојат и разни други ситуации на кои може да се примени член 5 од Конвенцијата, а да не се работи за очоглено ограничување на слободата на движење. Тоа се ситуации кога на одредено лице од страна на полициски или друг државен орган јасно ќе му се стави до знаење дека не може да напушти одредено место или дека мора да оди со службенот лице. Под лишување од слобода се подразбирало и наредба одредено лице да не го напушта полициското возило[37].

Разграничувањето на лишување од слобода, како вид на ограничување на правото на слобода, од ограничување на слободата на движење, суштински се поставува како дилема во толкување на разликите меѓу член 5 став 1 од Европската конвенција за човекови права и одредбата на член 2 протокол IV на Европската конвенција за човекови права. Станува збор за поими кои се меѓусебно различни само по степен и интензитет, а не и по природа и суштина. Токму поради тоа треба да се тргне од конкретна ситуација и мора да се земат во предвид околностите како што се вид и траење на последиците и начинот на извршување на активностите.

[37] Mcbride, J., Macovei, M., Pravo na slobodu I bezbednost licnosti, Vodic za primenu clana 5 Evropske konvencije o ljudskim pravima, Savet Evropa, Beograd 2004

При тоа, како основен критериум треба да се користи начинот на територијално раграничување на движењето, должината на траење на тоа ограничување и посебната правна положба на лицата кон кои се применува мерката. Од наведените критериуми, одлучувачко значење има временското траење на мерките за ограничување на слободата.

5. МЕРКАТА ПРИТВОР ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Во рамки на Законот за кривична постапка на Република Македонија[38], главата XVI носи име „Мерки за обезбедување на присуство на лица и за непречено водење на кривичната постапка“. Таа пропишува мерки[39]:

- Покана
- Мерки за претпазливост
- Гаранција
- Приведување
- Лишување од слобода
- Задржување
- Краткотраен притвор
- Куќен притвор и
- Притвор.

При одлучувањето која мерка да се примени, надлежниот орган мора да се придржува до условите кои се одредени за примена на таа мерка, водејќи при тоа сметка да не се применува потешка мерка ако истата цел може да се постигне со поблага. Покрај овие мерки, законот познава и други мерки за непречено водење на кривичната постапка, а станува збор за мерки кои можат да се изречат поради навреда на судот, како и мерки за одржување на редот и спречување на одолговлекување на постапката.

Присуството на обвинетиот како и други лица кои учествуваат во кривичната постапка се обезбедува со покана која ја упатува органот кој ја води постапката. Секое повикано лице има обврска да се јави на поканата на органот кој ја води постапката. Ако повиканото лице не е во состојба да се јави на повикот поради болест или други пречки, може да се испита на местото каде што се наоѓа или за тоа лице ќе се обезбеди превоз до седиштето на органот кој го повикал, односно друго место каде се преземаат процесни активности. Повиканото лице, покрај обврска да се јави на поканата, должно е веднаш да го

[38] Закон за кривична постапка, Службен весник на РМ, бр.150/10 и 100/12

[39] Член 144 од Законот за кривична постапка

извести органот кој го повикал за промена на адресата како и за намерата за промена на престојувалиштето.

Мерките за претпазливост се пропишани во членовите 146-149 од законот. Законот пропишува повеќе мерки за претпазливост, а тие се:

- Забрана за напуштање на престојувалиштето
- Обврска на обвинетиот повремено да се јавува на одредено службено лице или надлежен државен орган
- Привремено одземање на патните или други исправи со кои може да се премине државната граница, односно забрана за нивно издавање
- Привремено одземање на возачката дозвола, односно забрана за нејзино издавање
- Забрана за посетување на одредени места или подрачја
- Забрана за приближување или воспоставување, односно одржување контакт или врска со одредени лица
- Забрана за преземање на одредени работни активности кои се во врска со кривичното дело.

Покрај тоа што одредува поединечни мерки, законот пропишува и посебни елементи кои се резултат на специфичноста на секоја мерка. Така, со решението со кое се одредува мерка за претпазливост забрана за напуштање на престојувалиштето, односно живеалиштето, судот мора да одреди место во кое обвинетиот треба да престојува додека трае мерката, како и границите од кои не смее да се оддалечи. Со решението со кое се одредува мерка за претпазливост со која обвинетиот се обврзува повремено да се јавува на одредено лице или на надлежниот државен орган, судот треба да одреди службено лице на кое обвинетиот мора да се јавува, рокови во кои треба да се јавува и начин на водење на евиденција на јавувањата. Одлуката со која се одредува мерката за привремено одземање на патните или другите исправи за преминување на државната граница, односно забрана за нејзино издавање, судот носи ако постои опасност од бегство. Во тоа решение се наведуваат податоци за патни исправи, а одземената патна исправа се чува кај органот кој ја одземал.

При изрекување на мерката за забрана на посетување одредени места или подрачја, судот одредува место или подрачје, како и растојание на кое обвинетиот не смее да им се приближи. Со решението со кое се одредуваат мерки за забрана на приближување или воспоставување, односно одржување на контакти или врски со одредени лица, судот ја одредува оддалеченоста, местото и подрачјето до кое обвинетиот не смее да се приближи до тие лица, а судо има обврска да наведе точни податоци на лицата со кои се забранува воспоставувањето или одржувањето на контакти или врски. Со одлуката со која се одредува мерката за забрана за преземање работни активности кои се поврзани со кривичниот дел, судот подетално ги одредува видовите и предметите на тие активности.

Судот по службена должност на секое два месеци испитува дали постои потреба за понатошно траење на мерката. Во секој случај со мерките за претпазливост не може да се ограничи правото на обвинетиот за непречена комуникација со својот бранител. Судот може во секое време да наложи проверка на извршување на мерката за претпазливост и да побара извештај од полицијата или друг надлежен државен орган кој ја извршува мерката. Ако државниот орган кој се грижи за примена на мерката утврди дека обвинетиот не ги исполнува обврските од мерките за претпазливост, должен е веднаш за тоа да го извести судот.

Гаранција како процесен институт, пропишана е во членовите 150-156. Во македонското законодавство, за разлика од некои други компаративноправни решенија, гаранцијата е факултативна мерка, што значи дека се работи за процесен институт кој може, но и не мора да се примени[40]. Може да ја одреди само судот на предлог на странките, а во однос на условите за одредување, може да се одреди кон лица за кои е донесена наредба за спроведување на истражна постапка ако се оцени дека постои основан сомнеж дека извршило кривично дело и кога постои уште една од овие околности, а тоа се оние кои:

- Укажуваат на опасност од бегство или
- Ја оправдуваат опасноста за обвинетиот да може да го повтори или доврши кривичното дело или да го стори кривичното дело со кое се заканува.

[40] Канчев, М., Гаранцијата како супститут на притворот, Зборник на Правниот факултет Јустинијан први, Скопје 2007

Висината на гаранцијата секогаш ја определува судот по службена должност и таа секогаш гласи на паричен износ. При одредување на висината на гаранцијата судот мора да води сметка за тежината на кривичното дело, личните и семејните прилики и имотната состојба на обвинетиот. Гаранцијата по правило се состои во давање готови пари, хартии од вредност, скапоцености или други движни ствари со повисока вреедност кои лесно може да се уновчат и кои можат лесно да се чуваат. Гаранцијата исто така може да се состои во лична обврска на еден или повеќе граѓани дека ќе го платат утврдениот изос на гаранција во случај на бегство, повторување, довршување или сторување кривично дело од страна на обвинетиот. Гаранцијата може да се состои и во ставање хипотека за износот на гаранцијата на недвижни добра на лицата кои даваат гаранција. Одредената висина на гаранцијата може да се промени. Тоа ќе биде случај кога ќе се прошири истражната постапка, како и кога во текот на постапката ќе се дознаат дополнителните околности во однос на имотната состојба на обвинетиот, а кои се од значење за определување на висината на гаранцијата.

Приведувањето се регулира со член 157 од законот. Наредбата за приведување може да се издаде во четири случаеви:

- Кога постои основа за притвор
- Ако е веќе донесено решение за притвор
- Ако уредно повиканиот обвинет не дојде, а своето отсуство не го оправда
- Како и во случај кога не може да се изврши уредно доставување на поканата, а од сите околности очигледно произлегува дека обвинетиот го избегнува неговиот прием.

Приведувањето се одредува во форма на наредба, а го одредува судот. Наредбата се издава писмено, а секогаш ја извршува полицијата. Лицето кое е затекнато во извршување кривично дело за кое се гони по службена должност може да се лиши од слобода ако постои опасност од бегство. Овој процесен институт е регулиран со членот 158. За лишување од слобода задолжително веднаш се известува полицијата.

Правосудната полиција може без одлука на судот да лиши од слобода и лице за кое постои основан сомнеж дека има сторено кривично дело за кое се гони по службена должност само ако постои опасност од одложување, или некоја од причините за притвор, но

е должно веднаш, а најдоцна во рок од шест часа од лишување од слобода, лицето лишено од слобода да го изведе пред надлежниот суд и за тоа да го извести јавниот обвинител.

Задржувањето е кривичнопроцесен институт кој го пропишуваат членовите 159-162 од законот. По основа на овој институт, правосудната полиција може да го задржи лицето кое е лишено од слобода. Ова овластување полицијата може да го користи само исклучително и само ако е тоа неопходно заради утврдување на идентитетот, проверка на алиби или од други причини кои се состојат во потреба за прибирање на податоци од значење за водење на постапка против тоа лице.

Кога полицијата ќе донесе одлука лицето лишено од слобода да се задржи, мора во рок од шест часа да го изведе пред службеникот за прифаќање во посебно одредени полициски станици. За тие лица се води посебен регистер во информатички систем на Министерството за внатрешни работи. Службеникот за прифаќање има обврска за задржувањето веднаш да го извести јавниот обвинител. При прием на задржаното лице службеникот за прифаќање наложува претрес на тоа лице и сочинува записник за предметите одземени од него, а по потреба, се налага и лекарски преглед.

Лицето кое е лишено од слобода може насамо да се советува со адвокат во секое време, дење или ноќе. Странски државјанин лишен од слобода има право да контактира со дипломатско конзуларните претставништа на своите земји.

Законот предвидува и максимално траење на задржувањето. Тоа изнесува 24 часа од моментот на лишувањ на слобода и во рамките на овој рок задржаното лице мора да се изведе пред надлежниот судија, кои по службена должност испитуваат законитост на лишување од слобода и задржување, а ако лицето кое е лишено од слобода или задржано не е изведено пред судија, туку пуштено на слобода, тоа може во рок од 30 дена од денот на пуштање на слобода да бара од судијата да го испита. Во двата случаеви законското постапување се утврдува со посебно решение, против кое е дозволена жалба во рок од 48 часа.

Законот во член 163 предвидува куќен притвор како посебна мерка за обезбедување присуство на обвинетиот. За одредување на куќниот притвор потребно е да постои основан сомнеж дека одредено лице сторило кривично дело, како и дека постои некоја причина за

одредување притвор. Со решението со кое се одредува куќен притвор, покрај забрана за оддалечување од домот или други простории, судот може да одреди и забрана за комуникација со одредени лица или забрана за употреба на средства за комуникација, како и обврска за почитување на мерката видео и електронски надзор. Над куќниот притвор надзор врши судот, кој оваа обврска може да ја пренесе на полицијата. Кога судот оваа обврска ќе ја пренесе на полицијата, должен е да го одреди начинот на контрола. Лице против кое е одреден куќен притвор може со дозвола на судот да го напушти станот ако е потребно заради лекување или ако тоа го бараат посебни околности поради што може да настапи штетна последица по животот, здравјето или имотот на тоа лице или нему блиски лица.

Во македонското право, притворот е мерка за процесна присилба која се изрекува со цел непречено одвивање на кривичната постапка во присуство на обвинетото лице во сите релевантни процесни активности[41]. Овој процесен институт е регулиран со членовите од 164 до 180. Судот при одлучување за притвор е должен да води сметка за сразмерноста помеѓу тежината на кривичното дело за кое се суди, очекуваната казна според податоците со кои располага и потребата за одредување и траење на притворот, а во тек на целата постапка притворот ќе се укине штом престанат причини врз чија основа бил одреден.

Во однос на основата за одредување притвор, македонската правна теорија разликува материјално правна и процесно правна основа. Материјалноправната основа е единствена и се состои во постоење основан сомнеж дека одредено лице сторило кривично дело. Процесноправни основи има повеќе и секогаш се одредени алтернативно, а тоа се:

- Дека обвинетиот се крие, или не може да се утврди неговиот идентитет или постојат други околности кои укажуваат на опасност од бегство
- Постоење на основана страв дека обвинетиот ќе се сокрие, или дека ќе фалсификува или уништи траги од кривичното дело или личните околности укажуваат дека ќе пречи на кривичната постапка под влијание на сведоците, вештаците и соучесниците
- Околностите го оправдуваат стравот дека обвинетиот ќе го повтори кривичното дело или ќе го доврши делото кое е во обид

[41] Лажетиќ Бужаровска, Г., Узунов, В., Примена мере притвора у РМ, Београд 2008

- Уредно повикан обвинет очигледно избегнува да дојде на главниот претрес, или судот два пати уредно се обидел да го повика обвинетиот, а сите околности укажуваат дека обвинетиот очигледно изнегнува да ја прими поканата.

Интересно е решението според кое законодавачот предвидува можност за одредување притвор при очигледно избегнување на обвинетиот да ја прими поканата. Правилно се прави разлика помеѓу избегнување да се прими покана и тоа обвинетиот да се крие.

Бегството претставува класична причина што потенцијално го оправдува притворот. Фактот дека обвинетиот е во бегство или постои опасност од бегство, е најчеста притворска основа врз која се определува притворот. Судовите не смеат во ниеден случај генерално да претпоставуваат дека секој кој е обвинет за кривично дело ќе се даде во бегство, туку потребно е да ги испитаат сите околности за конкретниот случај со цел да се утврди дали тој ризик е веројатен. Криење како основа за одредување притвор стои кога лицето не се движи слободно и јавно, одбегнува да ја прии поканата, често го менува местото на престој и живеалиштето, а никаде не се пријавил или не променил адреса на живеење без притоа да се промени и местото на живеење. Утврдувањето на идентитет на обвинетиот е специфична основа за притвор, поради фактот дека според член 291 од законот, истрагата мора да се поведе против точно определено лице. Идентитетот на едно лице може да се утврди преку сите средства за идентификација.

Едно од најзначајните прашања во врска со притворот е должината на неговото траење[42]. Во тој поглед, во истрагата тој може да трае најдолго 30 дена од лишувањето на слобода, на образложениот предлог на јавниот обвините советот може да го продолжи притворот за уште 60 дена. Ако истражната постапка се води за кривично дело за кое може да се изрече казна затвор од четири години или потешка, советот на високиот суд, може по истекување на рокот од 60 дена, да го продолжи притворот за уште најдолго 90 дена.

После подигнување на обвинителниот акт до завршување на главниот претрес исто така се одредени рокови за траење на притворот. Во тој случај притворот може најдолго да трае една година за кривични дела за кои може да се изрече казна затвор до петнаесет години, односно две години за кривични дела за кои може да се изрече казна доживотен

[42] Matovski, N., Sustav kkaznanog postupka u RM, Hrvatski ljetopis za kazneno pravp i praksu, Zagreb 2001

затвор[43]. После објавување на пресудата, притворот може да трае до започнување на издржување на казната, односно до правосилноста на пресудата, но најдолго додека не истече времето на траење на казната затвор.

Притворот секогаш се укинува со решение и обвинетиот се пушта на слобода во случаеви:

- Кога ќе престанат случаеви поради кои притворот бил одреден, односно продолжен
- Ако траењето на притворот не би било во размер со тежината на стореното кривично дело
- Кога истата цел заради која е одреден притворот може да се оствари со некоја друга мерка
- Ако укинувањето на притворот го предложи јавен обвинител пред поднесување на обвинителен акт
- Кога обвинетиот е ослободен, или е прогласен за виновен, а ослободен од казна, или осуден само на парична казна, или му е изречена судска опомена или условна осуда, или поради пресметување на притворот казната веќе ја издржал, или кога обвинението е отфрлено, освен во случај на одбивање поради ненадлежност на судот
- Кога ќе истечат роковите за максимално траење на притворот
- Кога притворот е одреден поради колузиона опасност, а обвинетиот дава изјава со која ја признава вината или кога ќе се соберат сите докази поради кои притворот бил одреден по оваа основа, а најдолго до завршување на главниот претрес.

Законот пропишува и постапување со притворениците. Во рамките на овој дел од законот, детално се регулира известувањето на семејството на притвореното лице, почитување на личноста и достоинството на притворениот, права на притворениот, посета на притворениот, дисциплинска одговорност и надзор над притворениците.

Покрај притворот, законодавачот познава и таканаречен краткотраен притвор, кој е пропишан со член 170 од законот. Краткотрајниот притвор може да го одреди судија за претходна постапка на предлог на јавниот обвинител и може да трае до 48 часа од моментот

[43] Бужаровска, Г., Узунов, В., Притвор во Македонија, Скопје 2010

на доведување на лицето лишено од слобода пред судијата за претходна постапка. Постојат три услови за да може да се одреди краткотраен притвор, а тоа се:

- Постоење основан сомнеж дека одредено лице сторило кривично дело кое му се става на товар
- Постоење некоја од причините за одредување притвор
- Јавниот обвинител против тоа лице уште нема донесено наредба за спроведување на истражна постапка.

Ако јавниот обвинител по истек на рокот од 48 часа не поднесе предлог за одредување на мерката притвор, обвинетиот се пушта на слобода. Овој рок може да биде продолжен за уште 48 часа во случај на постоење на поголем број обвинети или други сложени околности. Против решението за одредување краткотраен притвор дозволена е жалба во рок од пет часа од врачување на решението.

Решението за краткотраен притвор се врачува на лице против кое е определен и се доставува до надлежен јавен обвинител. Против ова решение е дозволена жалба во рок од пет часа од врачувањето до советот од член 25 став 5 на законот кој е должен да реши по жалбата во рок од три часа. Краткотрајниот притвор по својата природа повеќе е мерка за обезбедување предуслови за започнување на кривичната постапка, отколку мерка за обезбедување присуство на обвинетиот во постапката[44].

5.1 Надлежни органи за одредување мерката притвор

Надлежноста на органите, во чија должност спаѓа одредувањето на мерката притвор е една од гаранциите за правилна примена на оваа мерка, а со тоа и еден од условите за заштита на човековите права. Законот за кривична постапка детално ја определува постапката за определување на мерката притвор, со што се обезбедува правилна примена на оваа најтешка мерка за ограничување на слободата на обвинетиот. Главни органи кои учествуваат во определување на мерката притвор се јавното обвинителство, судот и одбраната. За да може оваа мерка да се применува успешно, потребно е секој од нив да се

[44] Костова – Коцева, С., Практична примена на мерката притвор во Република Македонија, УГД Штип

придружи кон домашните и меѓународните прописи кои гарантираат нејзина правилна примена.

5.1.1 Надлежност на јавниот обвинител

Според одредбите на Законот за кривична постапка, притвор може да бара само јавниот бвинител со писмено образложен предлог. По донесување наредба за спроведување на истражна постапка до судијата по претходна постапка, јавниот обвинител може да поднесе образложен предлог за определување мерка притвор или други мерки за обезбедување присуство на обвинетиот.

Предлогот најчесто се поднесува како дел од барањето за спроведување на истрага, во кој треба да бидат назначени околностите од кои произлегува основаното сомнение дека обвинетото лице го сторило кривичното дело. Јавниот обвинител во предлогот ги образложува основите поради кои смета дека е потребна мерката притвор. Тој мора да даде доволно причини да ја оправда потребата за определување на мерката притвор, да образложи зошто смета дека со друга полесна мерка не би се постигнала истата цел.

За успешно изготвување на барањето за спроведување истрага и предлог за спроведување притвор, јавниот обвинител треба да води постојана и непреечена комуникација со полициските органи во текот на предистражната постапка, што е од голема важност за координирање и насочување на полициските органи да обезбедат доволно податоци од кои ќе произлезе оправданоста на предлогот за определување на мерката притвор. Во спротивно постои опасност мерката притвор да биде предложена без постоење на вистински причини за тоа, односно целта може да се постигне и со некоја друга поблага мерка.

Судијата на претходната постапка е должен без одложување да го разгледа предлогот и веднаш да одлучи по него. Ако судијата на претходната постапка не се согласи со предлогот на јавниот обвинител, за тоа носи посебно решение. Против ова решение јавниот обвинител има право на жалба во рок од 24 час, во која ќе бидат наведени сите дополнителни аргументи кои ја поддржуваат потребата од примена на соодветна мерка.

5.1.2 Надлежност на судијата на претходна постапка

Притворот во претходната постапка го определува судијата на претходна постапка на предлог на овластен тужител кој претставува гарант за неговите права и слободи. Судијата на претходната постапка не може да одлучува да определи некоја основа за определување на мерката притвор ако претходно не е поднесен соодветен предлог од страна на јавното обвинителство. Иако целата истражна постапка е во надлежност на јавниот обвинител, определувањето на мерката притвор е една од неколкуте надлежности кои се дадени на судијата за претходна постапка, за да се обезбеди гаранција дека примената на оваа мерка може да биде законска и сведена само на оние случаи, кога е навистина неопходно.

Улогата на судијата е да обезбеди еднаквост на странките, а посебно да му овозможи на обвинетиот можност за негова целосна правна заштита. Тој мора да ја испита законитоста на лишуваањето од слобода на обвинетиот од страна на полицијата, како и времетраењето и тоа да го констатира со решение. Откако ќе го стори тоа, судијата на претходната постапка е должен да утврди дали постои основано сомневање дека обвинетиот го направил кривичното дело за кое се товари, па најпосле да испита дали постојат услови за определување притвор.

Условите за определување притвор се утврдени врз основа на доказите кои се предлагаат кон барањето за спроведување истрага, но и според убедувањето на судијата кое тој гостекнува врз основа на непосредното испитување на обвинетиот. При разгледување на својата одлука, судијата ги зема предвид аргументит изнесени од обвинителството од една и одбраната од друга страна. Пред донесување на решението, судијата на претходната постапка ги испитува двете странки и бранителот за околностите кои се од значење за определување на притворот.

5.1.3 Надлежност на кривичниот совет

Законот за кривична постапка како втора инстанца за носење одлуки во врска со мерката притвор, го определува Кривичниот совет, кој според член 25 став 5 од законот, е составен од тројца судии. Задачата на Кривичниот совет е да одлучува по жалби на решенија, донесени од судијата на претходната постапка. Советот ја нови конечната одлука за тоа дали обвинетото лице ќе се брани од слобода или не.

Најважната надлежност која ја има Советот во однос на поднесената жалба против решението на судијата на претходната постапка е утврдувањето на законитоста на решението и дали тоа ги содржи сите елементи кои се предвидени според член 167 од законот. При тоа треба да се внимава образложението да биде правилно и аргументирано. Советот треба во рок од 48 часа да донесе одлука и да го потврди ли да го укине решението. Ако ја потврди одлукат на судијата, треба да даде конкретно образложение за сите аргументи изнесени во жалбата. Кривичниот совет може да определи друга поблага мерка ако смета дека не постојат доволно аргументи за притворање, и ако смета дека таа поблага мерка може да помогне во обезбедување на присуство на обвинетиот.

5.1.4 Надлежност на бранителот

Право на бранител има секое лице кое е осомничено или обвинето за кривично дело во преткривична и во судска постапка. Обвинетиот пред првото испитување мора да знае дека има право на бранител по свој избор со кого ќе може насамо да се советува и дека бранителот може да присуствува на неговото испитување. Обвинетото лице мора да има бранител, ако против него е определен притвор за времето додека трае притворот. Бранителот има право да се запознае со предметната документација пред да започне процесот, има право да го разгледа барањето за спроведување истрага како и предлогот за притвор.

Бранителот може усно да ги изнесе забелешките од предлогот за определување на мерката притвор, како и сопствените аргументи кои се однесуваат на притворот, а може да предложи и примена на поблага мерка како алтернатива на притворот. По донесување на

решението за определување притвор, бранителот има право на жалба до Советот во рок од 24 часа од приемот на решението, во која треба да ги наведе сите аргументи со кои се оправдуа можноста обвинетиот да се брани од слобода или да предложи примена на друга поблага мерка.

Бранителот и обвинетиот комуницираат слободно и без надзор, а по исклучок судијата може ова право да го подложи само на визуелен надзор ако притворот е одреден врз основа на член 165 став 1 од законот, според кој постои веројатност дека обвинетиот ќе ги злоупотреби контактите со бранителот.

5.2 Траење и укинување на притворот

Според член 171 од законот, притворот кој е определен со решение на судијата на претходна постапка или притворот кој прв пат е определен за време на истражната постапка со решение на советот, може да трае најдолго 30 дена од денот на лишување од слобода, а со образложен предлог на јавниот обвинител, притворот во текот на истражната постапка може да се продолжи за уште 60 дена. Вкупното траење на притворот во истражната постапка, сметајќи го и времето на лишување од слобода пред донесување на решението за притвор не може да биде подолго од 180 дена и со истекот на тој рок притворениот веднаш се пушта на слобода.

Пред подигнување на обвинителниот предлог во скратена постапка, притворот може да трае толку колку што е потребно да се извршат истражните дејствија, но не повеќе од осум дена. Против решението на советот за продолжување на притворот дозволена е жалба во рок од 48 часа до непосредно повисокиот суд. Жалбата не го одложува извршувањето.

По одобрување на обвинението до завршување на главната расправа, по предлог на странките, притворот може да се определи, продолжи или укине само со решение на советот. По правосилност на обвинението, притворот може да трае најмногу до:

- Една година за кривичните дела за кои може да е изречe казна затвор до 15 години и
- Две години за кривичните дела за кои може да се изрече казна затвор доживотен затвор.

Против решението на советот со кое се одбива предлогот за определување или укинување на притворот не е дозволена посебна жалба.

Укинувањето на притворот е регулирано во член 173 од законот, според кој притворот се укинува со решение, а обвинетиот се пушта од слобода кога судот ќе оцени дека е исполнет некој од следниве услови:

- Кога ќе престанат причините поради кои притворот бил определен, односно продолжен
- Ако натамошниот притвор не би бил во сразмерност со тежината на стореното кривично дело
- Кога истата цел заради која е определен притворот може да се постигне со некоја друга мерка
- Кога укинување на притворот предложил јавниот обвинител пред поднесување на обвинителниот акт
- Ако обвинетиот е ослободен од обвинението или е огласен за виновен а е ослободен од казната или е осуден само на парична казна, или му е изречена судска опомена или условна осуда, или поради засметувањето на притворот казната веќе ја издржал или ако обвинението е одбиено, освен во случај кога е одбиено поради ненадлежност на судот
- Кога ќе истечат роковите за траење на притворот или
- Кога е определен притвор, а обвинетиот дал изјава за признавање на вината или откако ќе бидат прибавени сите докази поради кои притворот по овој основ бил определен, а најдоцна до завршување на главната расправа/

5.3 Анализа на статистички податоци

Податоци кои се доставуваат до World Prison Break од страна на Управата за извршување санкции ја прикажуваат состојбата со затворската популација наспроти луѓето на кои им се изрекува мерката притвор. Според податоците, бројот на притворени лица во нашата земја се зголемува во периодот 2000-2010 година, а во периодот од 2010 до 2020

година се намалува, но сепак бројот на изречени мерки притвор е повисок во однос на претходната година.

Табела 1. Број на притвори по години

Година	Број на притвори	% на притвори во однос на вкупната затворска популација	Стапка притворени лица (на 100 000 жители)
2000	224	16,1%	11
2005	260	12,2%	13
2010	474	18,18%	23
2020	303	14,3%	15

Според годишната статистика за затворската популација во земјите членки на Советот на Европа, Северна Македонија е позиционирана во категорија земји со средна стапка на затворска популација на 100 000 жители, што е блиску до европскиот просек. Според извештајот, Македонија е 25% под европскиот просек кога станува збор за женска затворска популација, а 25% над европскиот просек за повозрасни затвореници, односно за лица над 50 годишна возраст.

Заклучно со 31.12.2018 година, вкупниот број на осудени лица кои одржувале казна затвор во казнено поправните установи во државата, изнесувал 2759, што е намалување во однос на претходните години, кога на крајот на 2016 година, казна затвор издржувале 2968 осудени лица, а на крајот на 2015 година, казна затвор издржувале 3087 лица.

Табела 2. Број на притворени и осудени лица

Година	Притвор деца	Притвор возрасни	Деца кои издржуваат казна затвор	Возрасни кои издржуваат казна затвор
2018	0	302	10	1954
2019	0	301	3	1938

Табела 3. Обвинети полнолетни лица според групите на кривични дела и видот на притворот, по години

	2017	2018	2019	2020	2021	2022	2023
	Над 2 до 3 месеци	Над 2 до 3 месеци	Над 2 до 3 месеци	Над 2 до 3 месеци	Над 2 до 3 месеци	Над 2 до 3 месеци	Над 2 до 3 месеци
Вкупно	22	23	9	19	33	51	40
Кривични дела против животот и телото	1	2	1	1	1	2	2
Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓа	-	-	-	-	1	2	1
Кривични дела против изборите и гласањето	-	-	-	-	-	-	-
Кривични дела против половата слобода и половиот морал	2	3	-	3	-	-	2
Кривични дела против бракот, семејството и младината	-	-	1	-	-	-	1
Кривични дела против здравјето на луѓето	7	8	3	4	14	20	15
Кривични дела против животната средина и природата	-	-	-	-	-	-	-
Кривични дела против имотот	5	6	2	5	5	8	6
Кривични дела против културното наследство и природните р	-	-	-	-	-	-	-
Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и с	-	-	-	1	3	-	1
Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот	-	-	-	-	-	-	-
Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај	-	-	-	-	1	2	-
Кривични дела против државата	-	-	-	-	-	-	-
Кривични дела против службената должност	2	3	-	-	1	-	-
Кривични дела против правосудството	-	-	-	-	-	-	-
Кривични дела против правниот сообраќај	-	-	-	-	-	-	-
Кривични дела против јавниот ред	1	2	2	5	5	1	4
Кривични дела против човечноста и меѓународното право	4	5	-	-	2	16	8
Кривични дела вон КЗ на РСМ	-	-	-	-	-	-	-

Извор: Државен завод за статистика

Податоците за притворени лица кои се добиени од страна на Управата за извршување на санкции и податоци од страна на Јавното обвинителство, иако се однесуваат на истата мерка, сепак се разликуваат. Во период од 2015 до 2018 година, се забележуваат отстапувања од 14% во 2015 до 44% во 2017 година, што ја доведува во прашање методологијата на прибирање на овие податоци од страна на надлежните институции[45].

[45] Мерката притвор помеѓу домашната и европската пракса, Коалиција на здруженија на граѓани, Сите за правично судење, Скопје



Број на притворени лица

Процентот на притворени лица во вкупната затворска популација во РСМ е помал од просечната и средната вредност во Советот за Европа, што е добар показател ако се има предвид дека Македонија е земја со помал број жители, а токму таквите земји имаат поголемо учество на притворениците во вкупната затворска популација. Тука треба да се има предвид дека согласно оваа статистика на Советот на Европа, нашата земја е меѓу оние кои на 100 000 жители имаат повеќе затвореници отколку што е просекот на Советот на Европа, што влијае на намалување на процентот на притворени лица во вкупната затворска популација[46].

Од податоците кои се достапни на јавното обвинителство, во периодот од 2018 до 2022 година, се забележува дека мерката притвор се определува со релативно големи варијации, па така се забележуваат 448 решенија за определување на притвор во 2020 година, а 607 во 2022 година. Линеарната прогресија покажува дека постои минимално зголемување на употребата на мерката притвор од 2018 до 2022 година[47].

Во 2023 година вкупниот број на осудени лица кои издржуваат казна затвор во установите на ниво на држава изнесува 2499, а капацитетот на установите е 2113, што покажува прекубројност од 386 осудени лица. Притоа, најлоша состојба има во КПУ

[46] Примена на мерката притвор во РСМ, Истражување за периодот од јануари 2018 до декември 2022 година, Коалиција „Сите за правично судење“, Совет на Европа 2024

[47] Примена на мерката притвор во РСМ, Истражување за периодот од јануари 2018 до декември 2022 година, Коалиција „Сите за правично судење“, Совет на Европа 2024

Идризово, каде на издржување казна затвор биле упатени скоро 50% од вкупниот број на затворската популација. Капацитетот на установта Идризово е за 1187 лица, а казна затвор издржуваат 1409 осудени лица, односно 222 повеќе. За разлика од затворските одделенија, во притворските одделенија во Казнено поправните установи (Затвор Скопје, Затвор Гевгелија, Затвор Куманово, Затвор Охрид и Затвор Битола), според податоците, нема прекубројност, односно вкупниот капацитет изнесува 350, а мерка притвор издржувале вкупно 311 лица[48].

Казнено поправниот систем во 2024 година е оптоварен со преголем број осудени и притворени лица што резултира со прекубројност во установите. Состојбата со прекубројност е особено алармантна во Казнено поправната установа КПД Идризово, каде на издржување на казна затвор се упатени 1301 лице, а капацитетот на установата е 1187 лица, во КПУ Битола каде што упатени на издржување на казна затвор се 120 лица, а капацитетот на установата е за сместување на 77 лица, како и КПУ КПД Штип каде упатени на издржување казна затвор се 251 осудено лие, а установата располага со физички капацитет за сместување на 139 осудени лица. Во 2024 година, вкупниот капацитет на притворски одделенија изнесува 350, а мерка притвор издржуваат вкупно 355 лица. Со прекубројност се соочува притворското одделение во КПУ Затвор Скопје, каде мерка притвор извршуваат 276 лица, а капацитетот на установата е за 243 притворени лица[49].

[48] Годишен извештај за степенот на обезбедувањето, почитувањето, унапредувањето и заштита на човековите слободи и права 2023, РСМ Народен правобранител, Скопје 2024

[49] Годишен извештај за степенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права 2024, РСМ Народен правобранител, Скопје 2025

6. РАЗВОЈ НА АКТИВНОСТИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО ОДНОС НА ПРИТВОР

6.1 Надлежност на ЕУ во подрачјето притвор

Претпоставките за одредување притвор како и условите во кои се извршува таа мерка во одредени држави членки на ЕУ, може да влијаат на правосудната соработка меѓу државите членки. Лицата лишени од слобода имаат право на соодветни стандарди на затворски услови, а прекумерното траење на притворот и несоодветите услови за одземање на слобода, се фактори кои негативно влијаат на развивање на правосудната соработка и може да ја поткопотаат взаемната доверба на која се темели системот на взаемно признавање одлуки меѓу државите членки на ЕУ. Одземањето на слободата во казнената постапка спаѓа под делокруг на ЕУ како важен аспект на правата кои мора да се штитат со цел унапредување на взаемната доверба и осигурување на функционирање на инструменти на взаемно признавање. Со одземањето на слободата се доведуваат во прашање основните права на човекот кои ЕУ ги поддржува како свои основни вредности[50]. Во согласност со членот 6 од Договорот во ЕУ, Унијата признава права, слободи и начела одредени со Повелбата на ЕУ за основни права. Основните права како што се загарантирани со Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи и како што произлегува од уставните традиции на заедничките држави членки, се општите начела на правото на Унијата.

Казненопроцесната мерка притвор пред се, се однесува на правото на лична слобода загарантирана во член 6 од Повелбата, но може да го доведе во прашање и правото на човечко достоинство, кое зазема прво место во каталогот права од Повелбата, забрана на малтретирање, нечовечно или понижувачко постапување загарантирано во член 4 од Повелбата. Оваа забрана е од посебно значење во контекст на неприфатливи услови за затворање кои може да ја нарушат взаемната доверба. Во тој поглед треба да се спомене и член 19 став 2, кој истакнува дека никој не може да биде оддалечен, протеран или испорачан во држава во која постои сериозна опасност да биде осуден на смртна казна, малтретирање или друго нечовечно или понижувачко постапување или казна.

[50] European commission, Strengthening mutual trust in the European judicial area, A Green paper on the application of EU criminal justice legislation in the field of detention, Brussels, 14.6.2011 final

Примената на притвор може да доведе до повреда на други казненопроцесни права загарантирани со Повелбата како што се право на праведно судење, препоставка за недолжност, право на одбрана. Голем број странци во затворите во делови од ЕУ, го отвораат прашањето за дискриминација на ЕУ кон граѓаните врз основа на националност, со што директно се допира начелото за забрана на дискриминација прокламирано во член 18 од Договорот за функционирање на ЕУ.

Важен напредок во јакнење на легитимноста на Унијата врз основа на ефикасна заштита на основните права и слободи треба да се оствари со постапување на Европската унија кон европската Конвенција за заштита на човековите права и слободи, во согласност со член 6 став 2 од Договорот за Европската унија. Со тоа во значајна мера се подобруваат моменталните структурни недостатоци кои постојат на подрачјето на заштита на човековите права во ЕУ.

Со оглед на водечката улога на Советот на Европа во поставување стандарди за заштита на правата на притвореникот, оправдано може да се постави прашањето поради што е потребно законодавството на Европската унија за решавање на проблематиката со одземање на слободата во казнената постапка. Комисијата на ЕУ образложува дека Советот на Европа, со оглед на своето искуство и ативности на ова подрачје, има водечка улога, а за идната активност на ЕУ на ова подрачје да може да биде во осигурување на изедначени затворски стандарди заради правилно функционирање на инструментот за правосудна соработка[51].

6.2 Активности на Европскиот парламент

Европскиот парламент веќе со години се посветува на бројни проблеми поврзани со прашањето за одземање на слободата истакнувајќи ја загрижувачката состојба во затворите во делови од Европа, а посебно проблемот со прекумерна употреба на притвор. Во Резолуцијата од 2001 година ги повикал државите членки да нагласат ultima ratio на сите облици на затворање и ја истакнал потребата за изедначување на правилата поврзани за

[51] Durdevic, Z., The Directive on the right of access to a lawyer in criminal proceedings, filling a human rights gap in the European union legal order, HUEKP, 2015

притворот за да се загарантира исто ниво на заштита на основните права во цела ЕУ. во Резолуцијата од 2002 година, Парламентот забележал дека состојбата на затворениците во ЕУ дури и се влошила во некои држави членки, во главно како резултат на пренаполнетоста на затворите. Парламентот сметал дека државите членки треба да преземат поодлучни мерки во однос на овозможување на затворениците контактирање на бранителите од самиот почеток, осигурување на одредени минимални стандард на здравствени и сместувачки услови на затворање и посебно да се испитаат затворските постапки за да се осигура дека не се кршат човековите права.

Следната иницијатива, Препораката на Европскиот парламент за правата на затворениците во Европската унија од 2003 година, поттикната е со извештајот за правата на затворениците и условите во затворите, се развила идеја за создавање тн. Prison charter која би ги вклучила сите членки на Советот на Европа. Намерата била да се создаде обврзувачки инструмент со детални правила наспроти Европските затворски правила кои иако широко признати, сепак претставуваат необврзувачка препорака. Но, таа идеја, не се развивала понатаму. Во септември 2011 година, Европскиот парламент донел Резолуија за затворските услови во ЕУ во која, изразувајќи загриженост за алармантната ситуација во однос на затворските услови, повикал на воведување заеднички стандарди на ЕУ во однос на затворските услови. Во однос на притворот, Парламентот посебно се повикал на државите членки да осигураат притворот да остане вонредна мерка која ќе се користи под точно одредени услови на сразмерност и нужност и за ограничен период, во согласност со претпоставката за недолжност и правото на лицето да не биде лишено од слобода, потсетувајќи дека притворот може периодично да се контролира од страна на судското тело поттикнувајќи примена на алтернативни мерки во меѓудржавни случаеви.

6.3 Зелена книга на Комисијата за спроведување на казненоправно законодавство на ЕУ

Европскиот парламент неколку години ја повикал Комисијата за преземе активности во подрачјето затворање. Во јуни 2011 година, Комисијата објавила Зелена книга за спроведување на казненоправното законодавство на ЕУ а подрачјето затворање, настојувајќи да испита во кој опсег затворските прашања влијаат на меѓусебната доверба, а со тоа и на меѓусебното признавање и општо правосудната соработка во рамките на

Европската унија. Иако затворските услови и управување со затворите спаѓа во надлежност на државите членки, Комисијата е заинтересирана за овие прашања поради исклучителна важност на начелата за меѓусебно признавање на судските одлуки за подрачјето слобода, сигурност и правда[52].

Условите за затворање може да имаат влијание на непречено функционирање на взаемно признавање на судските одлуки, а како под просечни услови може да се наведе судот да одбие предавање на бараната личност. Времето кое лицето го поминува во притвор пред судење и во текот на судењето се разликува во голема мерка помеѓу поединечни држави членки, претерано долги периоди на притвор се штетни за поединци и можат да ја нарушат судската соработка меѓу две држави членки и не претставуваат вредност за која се залага ЕУ.

Комисијата во прашалникот за Зелена книга на државите членки им поставиле прашање за прикладноста од воспоставување на ниво на ЕУ заеднички минимални правила за притворање, посебно во однос на траење на притворот и периодична контрола на законитост, а со цел взаемна доверба. Сите држави не биле за таа идеја, а и меѓу државите кои поддржале усвојување на заеднички минимални правила, повеќето сепак не се склони кон такви законодавни активности на ЕУ кои би планирале усогласување со максималните рокови за траење на притворот. Државите кои не ја поддржале идејата за создавање заеднички минимални правила, истакнуваат дека разликите во режимот на одземање слобода во различни законодавни системи, се оправдани и не влијаат на правосудната соработка. Освен тоа, истакнува дека Европската унија не е надлежна за ова подрачје и дека во Договорот за функционирање на ЕУ не е опфатено подрачјето притвор. И покрај утврдените проблеми во притворската пракса на државите членки на ЕУ, не постои консензус меѓу државите членки во поглед на таквите законодавни активности на ЕУ на подрачјето на притворање што би резултирало со хармонизација на правилата за притвор.

[52] Green paper, Strengthening mutual trust in the European judicial area, A Green paper on the application of EU criminal Justice in the field of detention

7. КОМПАРАТИВЕН ПРИКАЗ

Кога е во прашање кривичното процесно право сите правни системи може да се поделат на континентално европски и англосаксонски или common law правен систем[53]. Покрај оваа основна поделба, од една страна и постоењето тенденција за харонизација на нормативните решенија во бројни правни системи, се уште во компаративноправна смисла се разликуваат основните кривичнопроцесни решенија, кои се присутни во различни држави, но сепак неспорно е дека многу законски механизми покажуваат и одредено помалку или повеќе изразени сличности.

7.1 Континентално право

7.1.1 Република Франција

Законикот за привична постапка на Франција стапил на сила на 2 март 1959 година[54]. Основна цел на Законикот била да ја зајакне личната слобода, авторитетот на судијата и ефикасноста на кривичното правосудство, што имајќи ги во предвид тогашните политички и меѓународни околности, не било во целост можно. Законикот со тек на време претрпел и поголем број измени и дополнувања. Во однос на оние кои се од значење за мерките за обезбедување присуство на обвинетиот и непречено водење на кривичната постапка треба да се споменат измените и дополнувањата од 17 јули 1970 година, со кои е извршена реформа на притворот, потоа измените и дополнувањата од 6 август 1975 година, со кои се проширени личните слободи и правата на обвинетиот. Посебно значајни се новините од 9 јули 1984 година, со кои е ограничен притворот и дадено е поголемо значење на улогата на адвокатот во постапката.

Измените и дополнувањата од 9 септември 1986 година, имале за цел да ја регулираат постапката на задолжително водење на притворениот пред суд, со цел избегнување на

[53] Шкулиќ, М., Основи упоредног кривичног процеснот права и основни проблеми реформе кривичног поступка Србије, Београд 2011

[54] Законикот за кривична постапка на Франција е донесен кон крајот на Четвртата Република, а општите принципи се објавени во Книга 1, указ бр.57-1426 од 31 декември 1957 година

непотребните доцнења во истрагата. Покрај наведените, треба да се наведат и измените и дополнувањата од 4 јануари 1993 година, кои во добра мера се однесуваат на овластувањата на полицијата во однос на ограничување на слободата на движење на лицата[55].

Надлежни судови за судење во кривичните ствари се:

- Полициски судови, кои без оглед на името, претставуваат редовни судови, и немаат никаква врска со полицијата, ниту со извршната власт. Во овие судови судат судии поединци. Надлежноста на полициските судови е одлучување за прекршоци[56]
- Поправно одделение на судови со висока инстанца, чија надлежност е судење за престапи. Покрај кривична, овој суд има надлежност и во граѓански ствари, а кога суди во кривични ствари овој суд суди во состав од тројца професионалци и се нарекува поправен суд
- Апелационен суд, надлежен е како второстепен орган да одлучува за апели. Како посебно одделение на Апелациониот суд, одлучува Обвинителскиот совет, чија надлежност е како второстепен орган да постапува во текот на спроведување на истрагата
- Порота, чија надлежност е судење за злосторства. Одлуките во овој суд се носат во состав од тројца судии професионалци и девет судии поротници
- Касационен суд, кој е највисок суд во земјата, суди по правни лекови во последна инстанца.

Од мерките за обезбедување присуство на обвинетиот и непречено водење на кривична постапка, Законикот пропишува притвор, судска контрола, гаранција и куќен притвор со електронски надзор. Основниот принцип, во однос на овие мерки, се заснова на тоа мерките за принуда кои може да се извршат кон лицето кое подлежи на испитување, да бидат предмет на носење одлука само заради ставање на тоа лице под ефективна контрола на судската власт.

[55] Илиќ, Г., Мере ограничења слободе у француском кривичном поступку, Београд 1999

[56] Сите кривични дела во француцското право се делат на злосторства, престапи и прекршоци, а разликувањето се врши воглавно според казната која следуца

Притвор е пропишан во членовите од 144 до 148 од Законикот. Сите услови за одредување притвор во француската правна теорија се делат на материјални и формални. Првиот материјален услов е поврзан за тежината на кривичното дело. Притворот може да се одреди само за злосторства и за престапи, и тоа во случај на престап за кривични дела за кои е одредена казна построга од една година, односно од две години во останати случаеви[57]. Покрај тежината на кривичното дело потребно е да постои и еден од алтернативно поставените причини, а тоа се:

- Притворот да е единствен начин да се сочуваат доказите или материјалните индиции, или да се спречи притисок на сведоците или жрвите, односно договарање на лицето кое се испитува со соучесниците
- Притворот да е единствен начин да се заштити лицето кое подлежи на испитување, како гаранција дека ќе биде на располагање на судот, за завршување на делото или за спречување на негово повторување
- Дека кривичното дело поради својата тежина, околности под кои е извршено или значење на штетата која ја предизвикало, предизвикално исклучително и долготрајно пореметување на јавниот поредок, па притворот се прикажува како единствен начин за надминување на таа состојба.

Следен услов за одредување на притворот е постоењ сериозни индиции, а тоа се оние индиции врз чија основа судијата кој одредува притвор создава уверување за постоење на дело и сторител. Посебен материјален услов за одредување на притворот се однесува на судската контрола. Лицето кое подлежи на испитување по правило се остава на слобода, со судска контрола или без неа, освен ако се покаже дека судската контрола не е доволна или тоа лице своеволно би избегнувало да ги изврши наметнатите обврски, па притворот во тој случај се покажува како една преостаната мерка за непречено водење на постапката. Формален услов за одредување притвор се гледа во постапката за одредување притвор. Судот е должен заради одредување притвор да одржи рочиште со контрадикторна расправа на странките пред истражниот судија.

[57] Илиќ, Г., Притвор, француска искуства, Београд 2009

Кога истражниот судија треба да одлучи за притвор за тоа мора да го извести лицето кое подлежи на испитување и да го упати да има право на ангажирање на адвокат[58], по сопствен избор. Ако лицето кое подлежи на испитување или неговиот адвокат побара посебен рок за подготовка на одбрана, рочиштето може да се одложи за четири работни дена. Во тој случај истражниот судија со посебно решение ќе одреди привремено затворање на лицата кои подлежат на испитување. После тоа, како и ако лицето кое подлежи на испитување или неговиот адвокат, не бара дополнителен рок за подготовка на одбрана,а се одржува рочиште на кое се одвива контрадикторна расправа. Републички обвинител на тоа рочиште, ги изнесува своите барања, лицето кое се испрашува и неговиот бранител ги изнесуваат своите наоди, а по завршување на оваа расправа републичкиот обвинител повеќе не смее да остане насамо со истражниот судија и со записничарот. После одржаната расправа, истражниот судија е должен да донесе одлука.

Одлуката за притвор на лицата се носи во форма на решение за одредување притвор. Тоа решение мора да содржи образложение, во чии рамки мора да бидат образложени околностите на конкретниот случај, како и правните и фактички прашања на кои истражниот судија ја заснова одлуката за притвор. Ако истражниот судија утврди дека нема услови за одредување притвор, ќе донесе решение кое не мора да биде образложено. Против решението можно е да се вложи жалба за која одлучува Обвинителскиот совет. Рокот за поднесување жалбае десет дена. Во овој случај жалбата нема суспензивно дејство на одлуката за притвор, но, на посебно барање на лицето кое се испитува, или републичкиот обвинител може тоа лице да се пушти на слобода од одлучување за жалбата. Ваквото барање се нарекува молба за привремена мерка слобода[59].

Должината на траење на притворот зависи од тоа дали постапката се води за злосторство или за престап. Кога се води постапка за злосторства, притворот временски не е ограничен. Истражниот судија може да одреди притвор во траење до една година, а по истек на овој рок може да го продолжи притворот за нова една година. На овој начин, истражниот судија може да го држи лицето во притвор до носење на решение за завршување на истрагата. После завршување на истрагата предметот се доставува до обвинителскиот

[58] Право на ангажирање на адвокат лице кое подлежи на испитување, има од моментот на апсење

[59] Илиќ, Г., Притвор, француска искуства, Београд 2009

совет во рок од два месеци, бидејќи во спротивно притвореното лице се пушта на слобода. Ако предметот е доставен во рок, обвинителството има овластување да донесе одлука за ставање под обвинение, кое во себе содржи и решение за апсење. Ова решение останува на правна сила додека не се донесе конечна одлука за предметот на обвинение.

Кога се води постапка за престап, притворот се одредува на рок од четири месеци, со тоа што е можно да се продолжи повеќе пари на ист или пократок временски период. Притворот во истрага не може да трае подолго од една година, освен кога постапката се води за престап за кој се заканува казна затвор од пет години, кога може да трае најдолго две години. По правило, притворот трае до завршување на истрагата, но може да се прекине и порано. Ако обвинетиот е упатен пред поправно одделение, истражниот судија може да донесе посебно решение за продолжување на притворот за уште најмногу два месеци од завршување на истрагата. Против решението за продолжување на притвор може да се поднесе жалба во рок од 15 дена[60].

Тука се нагласува дека на малолетно лице, помладо од 13 години не може да му се одреди притвор, а ко постапката се води за престап, тогаш притворот не може да се одреди ниту кон малолетни лица помлади од 16 години. Кога се во прашање злосторства, на малолетници постари од 13 години можно е да им се одреди притвор само ако тој е неопходен и не може да се преземе ниту една друга мерка.

7.1.2 Сојузна Република Германија

Според одредбите во член 2 од Уставот на Германија, правото на слобода може да биде ограничено само со закон во согласност со гаранциите предвидени во член 104 од Уставот, кој помеѓу другото, гарантира дека лишувањето од слобода може да се изврши само врз основа на законот и во согласност со закон. Лишувањето од слобода може да се превземе само врз основа на одлука на судот, а ко нема таква одлука, таа мора итно да се донесе. Притворено лице не смее да биде психички или физички злоставувано.

[60] Илиќ, Г., Притвор, француска искуства, Београд 2009

Областа на кривичо процесно право е регулирана првенствено со Законот за кривична постапка[61]. Овој Закон е донесен на 1 февруари 1877 година, но поради голем број на измени и дополнувања, повторно бил објавен на 7 април 1987 година. Покрај овој Закон, кривичнопроцесната материја регулирана е со одредбите на Основниот закон за судови[62] и Законот за судска постапка пред малолетници[63].

Основни начела на германското процесно право се:

- Начело на официјалност
- Начело на акузаторност
- Начело на легалитет
- Начело на претрес
- Начело на концентрација
- Начело на јавност на главната расправа
- Начело на усменост на главната расправа
- Начело на непосредност.

Во однос на организација на судовите во Германија, надлежноста е поделена помеѓу основните судови, поротни судови, окружни судови, совети за извршување казни, Врховен окружен суд и Сојузен суд.

Основен суд во кривични ствари надлежен е за кривични дела:

- За кои не се заканува казна повисока од три години лишење од слобода, односно мерка за сместување на обвинетиот во психијатриска болница самостојно, или со казна, или мерка за обезбедување и чување на обвинетиот
- За кои не е надлежен окружниот суд или Врховниот окружен суд и
- Ако државниот обвинител поради посебно значење на стварите не подигнал тужба кај окружниот суд.

[61] Закон за кривична постапка на Германија, пречистен текст објавен на 7 април 1987 година, а последни измени донесени се на 23 април 2014 година

[62] Основен закон за судови, донесен на 27 јануари 1977 година, пречистен текст објавен на 9 мај 1975 година

[63] Закон за судска постапка пред малолетници од 1 јануари 1975 година

Во рамките на судот може да суди судија поединец кој е надлежен за кривични дела кои се гонат по приватна тужба, дела за кои следува казна лишување од слобода до шест месеци, како и за кривични дела кај кои не се очекува дека ќе биде изречена казна подолга од една година. Покрај судијата поединец, Основниот суд може да суди и во поротен состав. Кај основните судови за расправа и одлучување за кривични ствари по кои не одлучува кривичен судија, се формираат поротни совети.

Окружни судови се надлежни за постапка во втор степен на одлуката на основниот суд. Додека во прв степен, надлежни за сите кривични дела кои не спаѓаат во надлежност на основните судови и Врховниот окружен суд, судат и за кривични дела за кои се заканува казна повисока од три години, или мерка за сместување во психијаатриска болница, самостојно или со казна, како и за дела за кои државниот обвинител поради нивното посебно значење подигнал тужба кај Окружниот суд. Исто така надлежни се и за одредени кривични дела кои таксативно се наброени во Законот.

Советот за извршување казни се формира при Окружниот суд ако на негово подрачје се наоѓа установа во која полнолетни лица издржуваат казна лишување од слобода или мерки за безбедност со кои се одзема слободата, или седишта на други органи за извршување казни.

Врховен окружен суд во прв степен суди за точно одредени кривични дела, како што се предавство, велепредавство, предавство на државата и нејзината надворешна безбедност, напад на органите и претставници на странска држава, кривични дела кон уставни органи, геноцид и слично.

Сојузниот суд е надлежен за расправање и одлучување по ревизии против пресудите на Врховниот окружен суд донесени во прв степен, како и за правни лекови против пресудата на окружните судови донесени во прв степен ако не е заснована надлежност на Врховниот окружен суд.

Од мерките за обезбедување присуство на обвинетиот и непречено водење на кривичната постапка, Законот најголемо внимание посветува на притворот, додека останатите мерки за обезбедување присуство на обвинетиот се значително помалку застапени, а поединечни се пропишани само како алтернатива на притворот или како

обврски кон кои обвинетиот мора да се придржува за привремено да биде пуштен на слобода. Најголем број мерки за обезбедување присуство на обвинетиот и за непречено водење на кривичната постапка пропишани се во глава 9, 9а и 9б од Законот.

Притворот кон обвинетиот може да се одреди ако постои основан сомнеж дека извршил кривично дело, и ако постои некоја од причините за негово притворање. Причини за притворање ќе постојат ако се утврди дека[64]:

- Обвинетиот побегнал или се крие
- Со оглед на околностите на конкретниот случај постои опасност обвинетиот да може да ја избегне кривичната постапка
- Однесувањето на обвинетиот дава повод за сомнеж дека би уништил, изменил, сокрил, отстранил или фалсификувал докази, на недозволен начин влијае на други осомничени, сведоци или вештаци, поттикнал други лица да го направат тоа и ако постои опасност тие лица навистина да го направат тоа
- Кога не постои некој од наведените причини, но постои основан сомнеж дека обвинетиот сторил некое од таксативно наброените тешки кривични дела, како што се кривични дела пропишани со германскиот Меѓународен кривичен закон
- Кога постои основан сомнеж дека обвинетиот сторил некое од таксативно наброените кривични дела, а врз основа на факти постои основана опасност при носење на правосилна пресуда да направи исто кривично дело или да го доврши започнатото, а притворот е неопходен заради спречување непосредна опасност за тоа, при што се очекува дека на обвинетиот ќе му биде изречена казна затвор во траење подолго од една година.

Од друга страна, постојат одредени законски ограничувања во однос на толкувањето на поединечни притворски причини. Во прв ред притворот не смее да се одреди ако не е сразмерен со значењето на предметот и очекуваната казна или мерка за безбедност. Законот содржи и посебни одредби кои се однесуваат на багателни кривични дела. Тоа се кривични дела за кои е предвидена казна затвор до шест месеци или парична казна до 180 дневни

[64] Трешњев, А.М., Мере за обезбеђење присуства окривљеног и за несметано водење кривичног поступка, Београд 2016

глоби. Во тој случај, не може да се нареди притвор поради опасност од уништување на трагите на кривичното дело, а притвор поради опасности од бегство може да се одреди само:

- Ако обвинетиот претходно не дошол на главната расправа, или ако се обидел да побегне
- Нема живеалиште или престојувалиште на територијата која е важечка за германското законодавство
- Ако не може да го докаже својот идентитет.

Притворот секогаш се одредува со решение кое го носи судијата. Во решението за одредување притвор се внесуваат податоци за обвинетиот, дела за кои постојат основен сомнеж дека е сторено (време и место на извршување, законски карактеристики на кривично дело и соодветни казнени одредби кои треба да се применат), притворска причина како и факти на кои се базира сомнежот дека обвинетиот сторил кривично дело и причини за притвор, освен ако на тој начин се загрозила националната безбедност.

При лишување од слобода на обвинетиот задолжително му се врачува примерок од решение, а ако тоа не е можно бидејќи не разбира германски, тогаш на јазикот кој го разбира веднаш ќе биде известен за причините за одредување на притворот и обвинението против него, а правилното писмено решение ќе му се достави дополнително. При лишување од слобода обвинетиот мора да се запознае со своите права, на нему разблирлив јазик.

Кога обвинетиот е лишен од слобода врз основа на решение за одредување притвор, веднаш се изведува пред истражен судија, кој има обврска да го сослуша во врска со делата кои му се стават на товар. Сослушувањето мора да се изврши истиот ден, а најдоцна утредента.

Се додека обвинетиот се наоѓа во притвор, во секој момент може да се бара од судот да испита дали притворот ќе се укине или ќе се одложи извршувањето на решението за притворање. Важно е да се напомене дека судијата може да го укине притворот или само да го одложи извршувањето на решението за притворање. За да се утврди дали постои некоја од важните околности за одлука за притвор, судијата може да нареди спроведување на истражните активности. Против решението за одредување притвор може да се поднесе жалба.

Ако притворот трае подолго од три месеци, а обвинетиот не побара негово преиспитување, ниту ќе поднесе жалба против решението за него, контролата на притворот ќе се изврши по службена должност, освен во случај кога обвинетиот има бранител. Во случја на контрола, одлуката се носи после одржаното рочиште, кое се закажува на барање на обвинетиот или ако судот по службена должност го одреди тоа. Ако после одржаното рочиште притворот се продолжи, обвинетиот има право на друго рочиште само ако притворот траел најкратко три месеци, а од последното рочиште поминало најмалку два месеци. Рочиштето во секој случај нема да се закаже за време на траење на главниот претрес или после носење на пресудата со која е изречена казна затвор или мерка лишување од слобода, односно мерка за безбедност или воспитна мерка. Обвинетиот задолжително се приведува на рочиштето, освен ако не се откаже од тоа право или ако неговото доведување било поради голема оддалеченост, болест или други непремостливи пречки. Во тој случај на рочиштето бранителот ги застапува интересите на обвинетиот.

Притворот може да се укине со решение, но може и да се одложи неговото извршување. Одложувањето е можно само во одредени случаеви, па така, ако притворот е одреден поради опасност од бегство или колузиона опасност, извршувањето на решението за притвор може да се одложи за таа опасност да може да се отстрани со некоја поблага мерка. Во случај кога притворската причина е опасност од бегство, на обвинетиот како поблага мерк може да му се изрече обврска:

- Точно во утврдено време да се јавува кај судија, орган на гонење или служба која ќе ја одреди судијата
- Без дозвола на судот или органот на гонење не смее да го напушти престојувалиштетот или некое друго одредено место
- Да смее да го напушти својот стан само под надзор на одредено лице
- Да биде депонирана одредена гаранција од страна на обвинетиот или од друго лице.

Кога е во прашање колузиона опасност, како поблага мерка може да се изрече забрана за воспоставување на контакт со соучесниците, сведоците или вештаците. Одложувањето на извршување на решение за одредување притвор може само ако може да се очекува дека обвинетиот ќе се придржува до одредени обврски и дека на тој начин ќе се постигне целта лишување од слобода.

Покрај наведените случаеви, извршувањето на решението за притвор може да се одложи и ако обвинетиот даде гаранција. Гаранцијата се состои во давање готови пари, хартии од вреедност, залог на имот или давање гаранција на одредено лице. Гаранцијата ја одредува судијата кој има дискреционо право да ја утврди висината и видот на гаранцијата. Ако обвинетиот побара одложување на извршувањето на решението за притвор со давање гаранција, а се работи за обвинет кој не живее на подрачјето на важење на германскиот закон, задолжително е давање на полномоштво на лице кое живее на подрачјето на надлежниот суд заради прием на писмено.

Решението за притвор ќе се укине штом престанат причините за притвор или кога ќе се утврди дека продолжувањето на притворот не е сразмерно со значењето на предметот или мерката за безбедност или воспитна мерка. Исто така, притворот мора да се укине ако на обвинетиот му се изрече ослободителна пресуда или ако во целост се откаже постапката, како и кога јавниот обвините тоа ќе го побара пред поднесување на обвинителниот акт. Во секој случај, пуштањето на обвинетиот на слобода не смее да се одложи заради поднесување на правниот лек.

Притворот според германското законодавство може да трае најдолго шест месеци. но, од овој принцип постои исклучок, а тоа е случај кога поради посебна сложеност или посебно голем обем на фактичката состојба или други важни причини во рок од шест месеци не може да се донесе пресуда. Во тој случај, после шест месеци за продолжување на притворот надлежен е Врховниот окружен суд. Законот пропишува и случај кога мирува во рок од шест месеци. Тоа е ситуација кога актот е доставен на продолжување на Врховниот окружен суд во рок пред истекот на шест месеи. Тогаш рокот мирува до донесување на одлука на Врховниот окружен суд, како и во ситуација кога главниот претрес е заклучен пред истек на рокот од шест месеци, до објавување на пресудата. Одлуката за продолжување на притвор Врховниот окружен суд ја носи после одржава усмена расправа. Притворот може да се продолжи после истекување на овој рок само на предлог на државниот обвинител. Врховниот окружен суд може да го продолжи притворот во неограничен рок, со тоа што својата одлука мора да ја контролира на секое три месеци, при што можноста за контрола може да се пренесе на надлежниот суд.

7.2 Common law

7.2.1 Соединети Американски држави

Иако колевка на англосаксонското право е Англија, денес типичен современ претставник на тој голем правен систем се сметаат Соединетите Американски држави. Кривичнопроцесното право на САД настанало под силно влијание на англиското процесно право[65]. Правосудниот систем во САД почива на принципот на акузитарност со формализирано судење со порота, со правила за докази кои треба да ги штитат поротниците од сопствените предрасуди. Иако, во научната литература се почесто се укажува на тоа дека судењето е под се поголемо влијание на административните одлуки на државните органи и обвинители, што во суштина на судењето му дава призвук на инквизиторност.

Во САД постојат два паралелни судски системи. Од една страна постојат судови кои се воспоставни со Уставот на САД, а од друга страна постои организација на правосудниот систем на ниво на секоја од сојузните држави[66].

Со Уставот на САД се уредува организацијата и надлежноста на федералните судови. Федералните судови имаат исклучива надлежност само за одредени случаеви, како што се предметите во врска со примената на Уставот на САД и федералните закони, спорни ситуации помеѓу сојузни држави, оценка на уставноста на законите кои ги донел Конгресот и предмети во кои како странки се јавуваат владите на странски држави. Во поединечни случаеви надлежноста е поделена помеѓу федерални и судови на државите членки, како што е случај со надлежноста за водење на предмети во кои странките живеат во различни сојузни држави. Во однос на организационата структура на федералниот правосуден систем, во прв степен судот окружните судови.

Цела Америка е подеена на 94 округи, и во рамките на секој постои најмалку еден првостепен окружен суд. Во секој окружен суд постои најмалку еден судија магистрат. Неговата надлежност е да одлучува за сите процесни прашања од значење за постапката, до

[65] Шкулиќ, М., Неурачунливост и интоксикација учиниоца у кривичном праву САД, сличности и разлике са неурачунливости и скривљеном неурачунливости у српском кривичном праву, Београд 2015

[66] Кнежевиќ-Бојовиќ, А., Избор судија у САД, Увод у право САД, Београд 2008

почетокот на судењето пред големата порота. Во вториот степен одлучува апелациониот суд, а на територијата на САД има 12 такви судови. Највисок суд во земјата е Врховниот суд на САД. Тоа е единствен суд кој е воспоставен непосредно со Уставот на САД; а го сочинуваат девет судии, кои секогаш судат во цел состав. Со Врховниот суд претседава претседател на Врховниот суд на САД. Покрај редовните на сојузно ниво постојат и специјализирани судии со посебна надлежност, како што се царински суд, апелационен воен суд, даночен суд и др[67].

Организацијата на правосудниот систем на ниво на секоја од сојузните држави е различно уредена. Покрај тоа што правосудниот систем на секоја сојузна држава е специфичен, постојат и поединечни заеднички карактеристики за сите системи. Во сите држави постои еден највисок суд, кој најчесто се нарекува врховен суд на државата. Повеќето држави имаат апелациони, односно второстепени судови и првостепени судови.

Во однос на мерките за обезбедување присуство на обвинетиот на главниот претрес пред сојузните судови, правниот систем на САД, познава притвор, гаранција и самостојни услови на кои обвинетиот мора да се придржува за да остане на слобода.

Во текот на постапката, за да се одреди притвор, обвинително тмора да докаже дека е сторено кривично дело. Во тој поглед во пракса се разликуваат две ситуации. Првата, кога не дошло до обвинување пред да се донесе одлука за притвор. Тогаш обвинителството не е обврзано да ги изложи доказите со кои располага, туку може само да ги наведе фактите кои укажуваат на постоење извесен степен на сомнеж. Во спротивно, кога дошло до обвинување во моментот кога се одлучува за притвор, обвинителството е должно да ги изложи сите докази со кои располага и врз основа на нив да докаже постоење на одреден степен на сомнеж. Во таа ситуација може од бранителот да се бара како сведок да се испита полицаец кој учествувал во прибирање на податоците. Тогаш полицаецот под заклетва во својство на сведок дава исказ за начинот на прибирање и видот на докази кои се собрани во постапката.

Во однос на причините за притвор, да се утврди дали постои некоја од двете наведени причини за одредување на тие мерки, во пракса судот мора да цени низа околности како што се природа и тежина на кривичното дело за кое се сомничи обвинетиот, неговите лични и семејни прилики, природа и околности поврзани за личноста на обвинетиот, претходна

[67] Врањанац, Д., Увод у правни систем САД, Увод у право САД, Београд 2008

осудуваност на обвинетиот, дали претходно му е утврден некој од условите кон кои мора да се придржува во постапката и дали се придржувал на тие услови, дали обвинетиот живее на адресата која ја пријавил или не, дали е државјанин на САД и слично.

Правниот систем познава и една посебна основа, а тоа е можноста за одредување притвор во борбата против тероризмот. Овој основ за притвор донесен е од страна на Конгресот после 11 септември 2001 година. Претседателот Буш верификувал Воен закон според кој можно е да се одреди притвор на неодредено време кон секое лице за кое со причина може да се верува дека било член на Ал каеда, или помагал или ја поддржувал таа организација, или учествувал во завера да се стори дело меѓународен тероризам против САД[68].

Притворот треба да се разликува од правниот институт кој во буквален превод би можел да се преведе како превентивен притвор или како превентивно лишење од слобода. Овој институт, предизвикал големи полемики во американската стручна јавност, во главно во поединечни држави членки. Во прашање е превентивно лишување на слободата на лицата кои претходно биле осудувани за одредени кривични дела, како што се сексуални деликти или акти на тероризам. Во овие случаеви лицата кои претходно биле осудувани за некое од овие кривични дела може да биде лишено од слобода и ако не сторило никакво кривично дело. Треба да се нагласи дека тука практични не се работи за мерки за обезбедување присуствии на обвинетиот, туку за автохтон правен институт кој пред се може да се припише на кривичното материјално, а не на кривично процесното право[69].

7.2.2 Обединето Кралство и Северна Ирска

Англиската кривична постапка е акузаторска постапка, која се заснова на спор а две странки пред неутрален и непристрасен суд кој мора да го реши тој спор. Во оваа правна култура традиционално доминира ставпт дека првенствената одговорност за утврдување на факти лежи на поротата, не на судот. Главни извори на современото англиско право се законите кои ги носи Парламентот и судските преседани. Но, треба да се има во предвид

[68] Eppinger, M., Reality check, Detention in the War on terror, Columbus 2012-2013

[69] Husak, D., Preventive detention as punishment, San Diego law revies, San Diego, 2011

дека сите судски одлуки не се со преседански карактер. Повеќето судски одлуки делуваат само interpartes, за разлика од одлуката за кралските судови, кои имаат сила на преседан и делуваат erga omnes. Во однос на поставеноста на англиските судови, во областа на кривична постапка, се наведуваат[70]:

- Магистратски судови, чија надлежност е да:
  - водат подготвителна постапка за таканаречени обвинителски кривични дела за судење пред Крунскиот суд
  - судат во сумарни случаеви на необвинети кривични дела сторени на подрачјето на нивната надлежност и пред започнување на кривичната постапка носат одредени налози со кои се ограничуваат правата на слобода или некои други основни човекови права или слободи, издаваат покани и налози за апсење, примаат ветување дека секое лице ќе се однесува добро и ќе го чува мирот, одлучуваат за продолжување на полициско задржување кое трае подолго од одредено време, одредуваат процесен помошник или бранител на сиромашните лица.
- Крунски суд суди во прв степен за обвинети кривични дела, како и за дела кои не може да се суди на двата начини, за кои обвинетиот е упатен на судење пред порота. Во втор степен решавааат за жалба на обвинетиот против пресудата и одлуката за казна. Решава и во предмети за превентивно лишување од слобода, одредување на притвор и пуштање на слобода со гаранција. Крунските судови судат заедно со порота.
- Висок суд. Тоа е еден од трите делови на Високиот суд на правдата и во кривичната постапка може да има две функции:
  - после завршената сумарна постапка на странката може да бара од магистратот да се задржи на решавање на случајот додека поединечни правни прашања во пишан облик се проследуваат со Судот на масата на Кралицата, кој при нивно решавање одлуката може да ја потврди, преименува или укине
  - врши надзор над судењето на магистратските судови.

[70] Cokic, I., Subjektivni elementi krivicnog dela u engleskom pravu, Beograd 2015

- Врховен суд кој е формиран во 2009 година, така што ја преземал апелационата надлежност на Домот на лордови. За да одлучи за жалбата мора да востанови дека во конкретниот случај се работи за правно прашање од општо значење, а потоа и таквото правно прашање треба да биде разгледано од страна на Врховниот суд.
- Корнеров суд. Според еден Закон за корнери од 1926 година, пропишана е надлежност на истражување причини за смртта, водење на постапка во случеви на пронајдено богатство, заменување на локалниот шериф во одредени случаеви и само во градот Лондон, истражување на причини за пожар.

За прашањето на притвор или пуштање на обвинетиот на слобода во постапката која и претходи на судењето одлучуваат магистрати. Англиското право не познава судење во отсуство, тоа присуство може да се обезбеди на еден од трите начини:

- Со издавање покана
- Со ставање во притвор
- Пуштање на слобода.

Поканата е најчест вид на обезбебдување присуство на обвинетиот. Но, дури и кога постапката е веќе започната и обвинетиот уредно се јави на поканата, магистратот може да изрече притвор или гаранција, освен ако на обвинетиот му се суди во постапка за акузаторни кривични дела, при што мора да се одреди една од наведените мерки. Покрај обвинетиот може да се повикаат и сведоци.

Дали магистратот ќе му одреди притвор на обвинетиот или гаранција во голема мерка зависи од категоријата на кривичното дело за кое се води постапката, односно од тоа дали се работи за акузаторна или сумарна кривична постапка, дали кривичното дело е осудувачко на двата начина. Кај постапката за сумарни кривични дела, магистратот може да примени една од овие две мерки, со тоа што мора да ја оцени предвидената затворска казна или тежината на реметење на јавниот ред или мир, дали постои некоја друга причина врз чија основа треба да одреди построга мерка со која ќе осигура присуство на обвинетиот во кривичната постапка. Во случај на кривично дело осудувачко на двата начини, магистратот во пракса секогаш одредува една од наведените мерки против полнолетен обвинет без оглед

на тој кој суд е надлежен за судење. Во однос на постапката за тешки кривични дела не се практикува пуштање на обвинетиот на слобода со гаранција.

За одредување на притвор се расправа на рочиште кое има контрадикторен карактер пред судот, во чии рамки странките ги изложуваат сите докази кои се од значење за одредување притвор или гаранција. На рочиштето тие докази може да се сведат на сведочење на обвинетиот под заклетва за својата имотна состојба, а покрај тоа судот може и сам да побара информации од други извори, на пример од Службата за заштитен надзор над осудениците, или од Службата за социјална работа, а за можно сместување на обвинетиот во некоја установа или слично.

Во однос на должината на траење на притворот, треба да се разликуваат ситуации во претходна постапка од оние после осудата. Во претходната постапка рокот на кој се одредува притворот изнесува 8 дена, но после рочиштето одржано по истекување на овој рок, може да се продолжи за 8 дена, при што нема законско ограничување во однос на бројот на такви продолжувања.

После носење на пресудата магистратот моќе да го упати обвинетиот во притвор со контрола на притворот на три недели, ако тоа е потребно заради прибирање податоци важни за одлуката за казната, а притворот може да се одреди бидејќи се работи за тешки кривични дела, или кога тоа е неопходно заради медицинско испитување поради носење одлука за примена на мерки за безбедност. Во тој случај притворот се одредува на рок од 28 дена, и може да се повтори два пати. Без оглед на должината на траење на притворот обвинетиот во секој момент има право на консултација со бранител и на негова стручна помош[71].

Според англиското право, лице кое е во притвор или против кое треба да се одреди притвор може да биде пуштено на слобода во кој било стадиум од постапката врз основа на одлуката на надлежниот суд. За да се донесе одлука за прифаќање на гаранција, потребно е обвинетиот да се обврзе дека ќе се јави на поканата за рочиште пред тој или друг суд, својата обврска да ја поткрепи со изјава дека во случај на нејавување ќе плати одредена парична

[71] Leverick, F., The right to legal assistance during detention, Edinburgh 2011

сума, со уплата на таа сума на сметка на судот. Гаранцијата може да ја даде обвинетиот, но тоа може да го направи и трето лице.

Законот за пуштање на слобода со гаранција од 1976 година, востановил неколку основни начела за примена на оваа мерка. Првото е дека обвинетиот има право на пуштање на слобода со гаранција, и второто дека судот може да го ускрати правото на слобода на обвинетиот со гаранција ако се исполнети законски услови зазадржување во притвор, во зависност од тежината на делото, односно дали се работи за затворски или незатворски кривични дела.

Во првиот случај обвинетиот може да биде задржан во притвор:

- Ако судот се увери дека постои основана причина, односно дали постои пропуст на обвинетиот да се јави на покана од судот или во затвор, или ако на слобода направи некое казниво дело, или може да влијае на сведоците, или на други начини да ја попречуваат постапката против себе или против некои други лица
- Ако судот смета дека не би било практично да се соберат податови за одлучување за пуштање на слобода со гаранција поради прекраткото време кое поминало од започнување кривична постапка против обвинетиот
- Кога судот одредил рочиште заради составување извештај, а не би било практично тие извидувања да се направат додека обвинетиот е на слобода.

Кај другите таканаречени незатворски кривични дела, обвинетиот може да биде ставен во притвор ако во претходната кривична постапка, во која бил пуштен на слобода со гаранција, не се јавил на поканата од судот, а судот смета со оглед на таа постапка, дека тоа ќе се повтори. И во едниот и во другиот случај судот може да ускрати пуштање на слобода со гаранција ако:

- Обвинетиот мора да биде задржан во притвор поради сопствена заштита, или ако обвинентиот е дете или малолетник, а задржувањето во притвор е во негов интерес
- Е притворен заради извршување на судска одлука
- Во истата постапка е веќе пуштен на слобода со гаранција, но е уапсен поради криење или кршење на одредени услови за пуштање на слобода со гаранција.

Надлежноста за пуштање на слобода со гаранција зависи од видот и фазата на постапката, па така за одредување на гаранција надлежен е:

- Магистратски суд, секогаш кога одлучува за притворање на обвинетиот, во таа постапка на упатување на судење, или на изрекување казна пред Крунскиот суд, или на почетокот на постапката против осуда на затворска казна
- Крунски суд, кој може да одлучи за пуштање на слобода со гаранција ако обвинетиот е веќе упатен на судење или при изрекување казна пред Крунскиот суд, кога постапката против одлуката а магистратскиот суд веќе започнала пред Крунскиот суд
- Високиот суд може да одобри пуштање на слобода со гаранција кога магистратскиот суд ќе го одбие тоа или кога одредил неприфатливи услови за обвинетиот
- Судот може да одобри пуштање на слобода со гаранција во текот на постапката.

Секоја одлука со која се одбива пуштање на слобода со гаранција, мора да биде донесена со образложение.

Веднаш после носење на одлука за гаранција, обвинетиот може слободно да го напушти судот. Ако судот го одбие предлогот за пуштање на слобода со гаранција, обвинетиот може да го повтори истото барање најмногу уште еднаш. Во секој друг случај поднесувањето на барање е дозволено само ако дојде до промена на околностите.

При одредување на пуштање на слобода со гаранција, Законот за Магистратски судови од 1980 година, предвидува дека пред носење на пресуда обвинетиот не може да биде пуштен со гаранција на слобода на време подолго од 8 дена, освен ако тој и обвинителот не се согласат на подолг рок. Со оглед на тоа дека Законот не пропишува најдолго траење со продолжен рок, во пракса двете странки најчесто се соглалсуваат околу значително подолги рокови за пуштање на слобода со гаранција.

Треба да се напомене дека ако обвинетиот не се појави на суд, ако не докаже дека имал важна причина за тоа, тој е одговорен за кривичното дело, и во сумарната постапка му се заканува казна затвор до 3 месеци или парична казна, а во постапката пред Крунскиот суд со казна затвор до 12 месеци и парична казна без ограничен износ. Во тој случај судот може веднаш да издаде налог за апсење на обвинетиот, а и без налог полициските службеници можат превентивно да го уапсат.

Со гаранцијата, кога се води постапка за потешки кривични дела, на обвинетиот може да му се наложи обврска периодично да се јавува во полициска станица, да ја почитува забраната за излез после одредено време, да престојува на одредена адреса, да се воздржи од дружење со одредени луѓе, или поседување на одредени места, или да го предаде својот пасош. Кршењето на таквиот услов и дава право на полицијата веднаш да го уапси и да го доведе во магистрат.

Редот во судот и оневозможувањето на одолговлекување на постапката во англиското право се постигнува со тоа што на сите англиски судови им дава можност за казнување поради навреда на судот во неодредени парични износи. Но, не треба да се губи од предвид дека англиската правна традиција се заснова на почитување на судот и дека случаеви кога некој се казнува за навреда се реткост. Ако бранителите го реметат редовт во судницата или ја одолговлекуваат постапката, судовите можат да го избришат адвокатот од редот на баристери[72], а истото може да го направат и во сите други случаеви кога адвокатите не се придржуваат на одлуките на судот.

7.3 Право во земјите во регионот

Кривичното процесно право во земјите во регионот е посебно интересно, бидејќи има исто потекло. Затоа важно е да се споредат мерките за обезбедување на присуство на обвинетиот и за непречено водење на кривичната постапка со согласните процесни институти во овие земји и да се види до каде и во која насока се развиени.

7.3.1 Република Хрватска

Во Република Хрватска на сила е Законот за казнена постапка[73] кој е донесен во 2008 година. Тој закон во глава IX пропишува „мерки за обезбедување на присутност на обвинетиот и други мерки на претпазливост“, а покрај оваа глава поединечни мерки за пропишани и во другите делови на Законот. Во рамките на глава IX од Законот, пропишани

[72] Баристери се адвокати кои може да застапуваат предмети пред судот

[73] Закон за казнена постапка, Народне новине бр.152/08, 76/09, 80/11, 91/12, 143/12, 56/13, 152/14

се мерките покана, приведување, мерки за претпазливност, гаранција, апсење, притвор, истражен затвор во домот и истражен затвор.

Притвор против лице кое е уапсено, може да одреди државниот обвинител. За да се одреди притвор потребно е кумулативно да бидат исполнети три групи услови. Првиот услов е постоење на основа за сомнеж дека тоа лице сторило кривично дело, а друг услов е постоење на некоја од причините за одредување истражен затвор, освен оној кој се однесува на избегнување доаѓање на претрес. Конечно, трет услов е дека притворот е потребен заради утврдување на идентитетот, проверка на алиби или прибирање на податоци за доказите.

Притворот секогаш се одредуа во форма на пишано и образложено решение. Против решението притворениот може да се жали во рок од шест часа. За жалбата одлучува судија во истрагата во рок од осум часа, а жалбата не го задржува извршувањето. Траењето на притворот, кој е одреден со решение на државниот обвинител, ограничено е на рок од 48 часа од моментот на апсење, освен за кривични дела за кои е пропишана казна затвор до една година, кога притворот може да трае најдолго 36 часа. Потоа, на предлог на државниот обвинител, судијата може со образложено решение да го продолжи притворот за други 36 часа ако е тоа потребно заради прибирање докази за кривичното дело за кое е пропишана казна затвор од пет години или потешка.

По налог на јавниот обвинител, полицијата притвореникот кај кој постојат причини за одредување истражен затвор пред истекот на рокот за притвор го доведува судијата заради одржување рочиште за одредување истражен затвор или пуштање на слобода. Кога притвореникот ќе биде доведен кај судијата, судијата издава налог за задржување во притвор до одржување на рочиштето, а најдолго до 12 часа.

Судот може да одреди истражен затвор во домот само против бремена жена, лице со телесни недостатооци кои имаат отежнато движње, лица кои навршиле 70 години живот, како и во случаеви кога судот тоа го цени како исклучително оправдано. За одржување на истражниот затвор во домот потребно е да постојат некои причини за притвор, освен оваа која се однесува на избегнување на обвинетиот да дојде на главното рочиште, а покрај тоа неопходно е за остварување на целта на истражниот затвор доволна да е забраната обвинетиот да се оддалечи од дома.

Решението за истражниот затвор во домот содржи забрана за обвинетиот да се оддалечи од дома. Судот може заради контрола за почитување на оваа мерка да одреди примена на технички средства за надзор со кои се осигурува нејзино спроведување, а според потребата, може да се наложи и мерка за претпазливост. За да се одреди примена на технички средства, треба сите полнолетни лица кои престојуваат во домот на обвинетиот да дадат писмена согласност за таквата можност.

Причини за одредување на истражен затвор, покрај постоење основан сомнеж, се:

- Дека обвинетиот е во бегство или околностите упатуваат на опасност дека ќе побегне
- Постојат околности кои упатуваат на опасност дека обвинетиот ќе уништи, сокрие, измени докази или траги кои се важни за кривичната постапка или дека ќе ја попречи кривичната постапка под влијание на сведоци, вештаци, учесници
- Постојат лични околности кои упатуваат на опасност дека обвинетиот ќе го повтори кривичното дело или дека ќе го доврши делото кое е во обид, или ќе направи потешко кривично дело со кое се заканува, а за кое кон законот може да се изрече казна затвор од пет години или потешка казна
- Дека истражниот затвор е нужен поради непречено одвивање на постапката за кривично дело за кое е пропишана казна затвор и кај кое околностите на кривичното дело се посебно тешки
- Обвинетиот кој е уредно повикан избегнува да дојде на главната расправа.

Покрај овие основи, законот познава и една задолжителна причина за одредување притвор. Тоа се случај при изрекување на пресудата, кога судот секогаш ќе одредува или продолжува истражен затвор против обвинетиот на кој му е изречена казна затвор од пет години или повеќе.

Судот одредува притвор после одржано нејавно рочиште, на кое се повикуваат државниот обвинител, бранителот и обвинетиот. Во однос на укинување на притворот, интересно е што Законот таксативно наведува случаеви кога судот ќе го укине притворот. Тоа се случаеви:

- Штом престанат причини поради кои истражниот затвор е одреден или продолжен

- Ако понатамошниот истражен затвор не е во размер со тежината на стореното кривично дело
- Ако истата цел може да се оствари со друга, поблага мерка
- Кога тоа пред подгигнување на обвинението го предлага тужителот
- Ако државниот обвинител и после претходно известување на високиот државен обвинител неоправдано во законски рокови не презема активности во постапката
- Кога судот ќе изрече пресуда со која обвинетиот се ослободува од обвинение или обвинението се одбива или на обвинетиот му е изречена парична казна, работа во јавен интерес на слобода, условна осуда или судска опомена, или казна затвор во траење пократко или еднакво на дотогашното траење на истражниот затвор
- Кога ќе истечат роковите на траење на истражниот затвор
- Кога истражниот затвор е одреден поради ризик од попречување на постапката, ако обвинетиот детално го признал кривичното дело за кое се товари, или штом бидат собрани, односно изведени докази ради чие осигурување тој затвор е одреден, а најдоцна до завршување на главниот претрес.

Законот предвидува и водење на лична евиденција за лицата кои се наоѓаат во притвор. Таа евиденција ја води министерството кое е надлежно за правосудство, врз основа на решението за истражен затвор, со тоа што судот има обврска секое решение за одредување, продолжување и укинување на истражниот затвор да го достави по електронски пат до министерството кое е надлежно за правосудство, а министерството е должно да обезбеди постојана достапност до податоци од евиденцијата на судот и државниот обвинител. Ваквото водење на евиденција има големо практично значење бидејќи на судовите и обвинителствата им овозможува лесно утврдување дали обвинетиот кој е недостапен веќе се наоѓа во притвор по некој друг предмет.

7.3.2 Република Црна Гора

Во Црна Гора на сила е Законикот за кривична постапка[74], донесен во 2009 година. Во рамките на овој закон мерките за обезбедивање присуство на обвинетиот и за непречено

[74] Законик за кривичном поступку, ЗКП/ЦГ, Законик ЦГ, Службени лист 57/09, 49/10, 47/14, 35/15

водење на кривичната постапка, пропишани се во глава VIII. Мерките кои можат да се преземат кон обвинентиот за обезбедување на негово присуство и за непречено водење на кривична постапка се покана, приведување, мерки за надзор, гаранција и притвор. Покрај овие мерки, Законикот (освен во оваа глава) пропишува и други мерки за обезбедување на присуство на обвинетиот и непречено водење на кривичната постапка. Со обврска дасе придржува кон условите пропишани за примена на одредени мерки, судот е должен да води сметка да не се примени тешка мерка, ако истата цел може да се постигне со поблага.

Притворот како и во другите законодавства е најтешка мерка за обезбедување присуство на обвинетиот и непречено водење на кривичната постапка. Токму поради тоа, законот му посветува посебно внимание. Пропишан е во членовите 174-186 од законот, а покрај овие поединечни одредни се наоѓаат и на други места во законот. Траењето на притворот мора да биде сведено на најкратко потребно време. Тој принцип е издигнат на ниво на начело и пропишан е во рамките на правата на судење без одложување. Притворот може да се одреди само во случаеви пропишани со закон и само ако истата цел не може да се оствари со друга мерка, а неопходен е поради непречено водење на постапката.

Conditio sine qua non за одредување притвор е постоење основан сомнеж дека одредено лице сторило кривично дело. Кога тој услов е исполнет, на обвинетиот може да му се одреди притвор:

- Ако се крие или ако не може да се утврди неговиот идентитет или ако постојат други околности кои укажуваат на опасност од бегство
- Ако постојат околности кои укажуваат дека ќе уништи, сокрие, измени или фалсификува докази или траги од кривичното дело или дека ќе ја попречи постапката со влијаење на сведоци, соучесници или прикривачи
- Ако постојат околности кои укажуваат дека ќе се повтори кривичното дело или ќе се доврши почнатото кривично дело или ќе направи дело со кое се заканува
- Ако притворот е нужен заради непречено водење на постапката, а во прашање е кривично дело за кое по закон може да се изрече казна затвор од десет години или потешка казна и кое е посебно тешко поради начинот на извршување или последиците
- Ако уредно повиканиот обвинет избегнува да дојде на главен претрес.

Притворот на предлог на овластен обвинител се одредува со решение на судот, кој е должен пред носење на решението да го сослуша обвинетиот за причините за одредување притвор, со тоа што притворот може да се одреди и без сослушување на обвинетиот ако тој се крие или очигледно избегнува да дојде на главното рочиште. Против решението за одредување притвор, државниот обвините, притвореното лице и неговиот бранител можат во рок од 24 часа од часот на пример на решението, да изјават жалба.

Законот пропишува и максимално траење на притворот во поединечни случаеви. Врз основа на решението на судијата за истрага, обвинетиот може да се задржи во притвор најдолго месец дена, а после тоа врз основа на решение на советот уште два месеци, со што ако постапката се води за кривично дело за кое е пропишана казна затвор над пет години, советот на Врховниот суд на Црна Гора, на образложениот предлог на државниот обвинител, со важни причини, го продолжува притворот најдолго за уште три месеци. После предавање на обвинението на судот, до завршување на главниот претрс, притворот може да трае најдолго три години. Во тој период контролата на притворот се врши по истекување на секои триесет дена до стапување на обвинението на правна сила, а после тоа на секои два месеци.

ЗАКЛУЧОК

За да се обезбеди присуството на обвинетиот во кривичната постапка, кое е потребно заради остварување на различни процесни и вонпроцесни цели, државата може да користи различни мерки за процесна принуца, како легални средства за принува. Значењето на мерките за процесна принуда се гледа во тоа што токму со нивна помош, како институт на позитивно процесно право, обезбедуваат претпоставки за правилна примена на повеќето други процесни институти. За носење на правила и законска судска одлука во кривичната ствар, потребно е во кривичната постапка да се обезбедат сите процесни претпоставски за нејзино успешно водење и завршување.

Присуството на обвинетиот во кривичната постапка е значајно, бидејќи тој со своето активно учество во постапката и преземањето различни процесни активности може најквалитетно да ги заштити своите интереси и да овозможи постапката да се спроведе законски и праведно. И обратно, со своето отсуство обвинетиот може да оневозможи преземање на поединечни процесни активности, како и самото водење на постапката што неминовно доведува до опструкција на кривичната постапка. Затоа кога присуството на обвинетиот не може да се обезбеди доброволно, државата може да се користи со активности за процесна принуда со кои, во процесни цели, ја ограничува личната слобода на обвинетиот, за да обезбеди правилно и законско водење на кривичната постапка и да овозможи носење на судска одлука.

Анализата на мерката притвор претставува многу важно прашање во теоријата на процесното право, со оглед на тоа дека се работи за најтешка мерка на процесна принуда со која, од законски предвидени причини, директно се навлегува во правото на личната слобода на обвинетиот при покревање и водење на кривичната постапка. Притворот подразбира судско лишување од слобода на лице против кое постои основан сомнеж дека има извршено кривично дело кое му се става на товар, затоа оваа мерка се применува исклучиво кога истата цел не може да се оствари со поблага мерка пропишана со закон.

Станува збор за најтешка мерка за обезбедува на присуство на обвинетиот и осигурување на други претпоставки за успешно водење на кривичната постапка, што поставува барање, судовите да мора да применуваат други, поблаги мерки за обезбедување

на присуство на обвинетиот кои се помалку штетни за обвинетиот, секогаш кога е можна нивната примена. Судовите би требало повеќе да ја земаат во предвид примената на мерката гаранција, како алтернатива за притвор, секако во случаеви кога е можна таквата мерка. Станува збор за поблага и помалку рестриктивна перка со која исто така на правилен начин може да се овозможи целта на постапување со многу помало потенцијално кршење на човековите права, а покрај тоа гаранцијата значително е поекономична бидејќи не го погодува буџетот на државите, што е од големо значење, имајќи ја во предвид економската ситуација на државите и нискиот животен стандард, каде во одредени ситуации токму самиот стандард на живот, придонел или бил пресуден за вршење различни кривични дела од страна на граѓаните, особено кривични дела против имотот.

Но, кога притворот е единствена опција, важно е судовите да ја почитуваат обврската за постоење законски причини за одредување, продолжување и укинување на притворот и тоа со избегнување на наведуваање апстракти причини и стереотипни формулации. Образложението на одлуката за мерката притвор мора во себе да ги содржи сите релевантни факти и околности поврзани со конкретниот случај кои укажуваат на тоа дека притворот е нужна и неопходна мерка за обезбедување на присуство и непречено водење на кривичната постапка. При одлучување за притворот, потребно е судот, покрај испитување постоење сомнеж и законски причини за притвор,да процени дали во конкретниот случај се исполнети условите за примена на некоја од законски пропишаните атернативни мерки за обезбебдување присуство на обвинетиот кои може да бидат подеднакво ефикасни за постигнување на целта, непречено водење на кривичната постапка, а кои во исто време се помалку штетни за обвинетиот. Исто така, продолжувањето на лишување од слобода, мора да биде засновано на правно релевантни причини со доволен квалитет да го оправдаат продолжувањето на притворот во подолг временски период, а вкупното траење на притворот не смее да биде прекумерно и нужно мора да подлежи на автоматска контрола и постојано преиспитување на законитоста на одлуката за лишување од слобода.

Користена литература

1. Адкој против Турција, 18.12.1996 година
2. Bejatovic, S., Pritvor i druge mere obezbedenje prisustva okrivljenog u krivicnog postupku, Beograd 2019
3. Бужаровска, Г., Узунов, В., Притвор во Македонија, Скопје 2010
4. Бекарија, Ч., О злочинима и казнама, Сплит, 1984
5. Вековиќ, В., Стандарди Европског комитета против мучења и пенитерцијарних регулатива и пракса у РС, Тара 2004
6. Врањанац, Д., Увод у правни систем САД, Увод у право САД, Београд 2008
7. Cakic, M., Pritvor, Nish 2018
8. Cokic, I., Subjektivni elementi krivicnog dela u engleskom pravu, Beograd 2015
9. Cimburovic, Lj., Prisustvo okrivljenog u krivicnom postupku, poseban osvrt na pritvor, Beograd 2008
10. Cupina, V., Stefanovic, N., Pritvor, Novi Sad, 2013
11. Curcic, V., Krivicno procesno pravo, opsti deo, Nis, 2014
12. Димитријевиќ, В., Притвор и други видови ограничења личне слободе у кривичном поступку, Ниш 2023
13. Deckovic, S., Mere za obezbedenje prisustva okrivljenog u krivicnom postupku, Pravne teme, vol.2, br.4, 2014
14. Durdevic, Z., The Directive on the right of access to a lawyer in criminal proceedings, filling a human rights gap in the European union legal order, HUEKP, 2015
15. Европски систем заштите људског права искуства и нови изазови, Правни факултет Ниш, 2005
16. Eppinger, M., Reality check, Detention in the War on terror, Columbus 2012-2013
17. Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи
18. European commission, Strengthening mutual trust in the European judicial area, A Green paper on the application of EU criminal justice legislation in the field of detention, Brussels, 14.6.2011 final
19. Ефтимовска, С., Мерки за обезбедување присуство на лица во кривичната постапка низ праксата на ОС Струмица во периодот од 2015-2021 година, Штип 2023

20. Emmerson, B., Human rights and criminal justice, Sweet Maxwell, London 2012
21. Green paper, Strengthening mutual trust in the European judicial area, A Green paper on the application of EU criminal Justice in the field of detention
22. Гајдова, Г., Притвор/образложение на решение за определување притвор, Основен суд Велес
23. Husak, D., Preventive detention as punishment, San Diego law revies, San Diego, 2011
24. Илиќ, Г., Модел правичног процеса у светлу Европске конвенције за заштиту људских права и основних слобода, Златибор 2004
25. Илиќ, Г., Мере ограничења слободе у француском кривичном поступку, Београд 1999
26. Илиќ, Г., Притвор, француска искуства, Београд 2009
27. Ирска против Обединетото Кралство, претставка од серија А, број 25, 18.01.1978
28. Jovanovic, M., Jemstvo, Nis 2020
29. Јакшиќ, А., Европска конвенција о људским правима, Коментар, Београд 2006
30. Јекиќ, З., Кривично процесно право, Београд 2003
31. Канчев, М., Гаранцијата како супституит на притворот, Зборник на Правниот факултет Јустинијан први, Скопје 2007
32. Камбовски, В., Организиран криминал, Скопје 2005
33. Камбовски, В., Меѓународни стандарди о људским правима, трећа димензија казненог права, Примена меѓународних кривичних стандарда у националним законодавствима. Удружење за меѓународно кривично право, Тара 2004
34. Костова-Коцева, С., Практична примена на мерката притвор во Република Македонија, УГД, Штип
35. Kostic, M., Istorijski razvoj drustvene reakcije na kriminalno ponasanje, Nis 2013
36. Ковачевиќ, Н., Марковиќ, Ж., Николиќ, Н., Притвор – ultima ratio, Београд, 2014
37. Kosanovic, S., Pritvor u krivicnom postupku, Branic, broj 2/2020, Beograd 2020
38. Конвенцијата на ОН против тортура и други свирепи, нечовечни или понижувачки казни и постапки
39. Кнежевиќ-Бојовиќ, А., Избор судија у САД, Увод у право САД, Београд 2008
40. Лажетиќ Бужаровска, Г., Узунов, В., Примена мере притвора у РМ, Београд 2008

41. Лазаревиќ, Ј., Нека основна питања за притвор у редовном кривичном поступку, Београд 1997
42. Leverick, F., The right to legal assistance during detention, Edinburgh 2011
43. Mcbride, J., Macovei, M., Pravo na slobodu I bezbednost licnosti, Vodic za primenu clana 5 Evropske konvencije o ljudskim pravima, Savet Evropa, Beograd 2004
44. Матовски, Н., Меѓународни правни стандарди за казнена постапка, Зборник на правниот факултт Јустинијан први, Скопје 2010
45. Марковиќ, М., Јемство у кривичном поступку, Крагујевац, 2023
46. Миленковиќ, Д., Уједињене нације, документи и механизми борбе против тортуре, Тортура, инструменти против демократије, меѓународни документи, законодавство, случајева, Југословенски комитет правника за људска права, Београд 2021
47. Matijashevic, J., Razlozi za odredivanje pritvora u krivicnoprocesnom zakonodavstvu Srbije uz osvrt na praksu domacih sudova i Evropskom suda za ljudska prava, Novi Sad 2019
48. Milovic, M., Uticaj na svedoke, saucesnike ili prikrivace kao osnov za odredivanje pritvora, Beograd 2022
49. Matijasevic-Obradovic, J., Zarubica, S., Opasnost od bekstva kao razlog za odredivanje pritvora, legislativni tretman i primeri iz sudske prakse, Novi sad, 2018
50. Macovei, M., The right to liberty and security of the person, A guide to the implementation of Article 5 of the European Convention on Human rights, Strasburg 2002
51. Matovski, N., Sustav kkaznanog postupka u RM, Hrvatski ljetopis za kazneno pravp i praksu, Zagreb 2001
52. Милошевиќ, Д., Притвор посматран кроз призму људских права, Београд 2021
53. Манојловиќ, С., Мере за обезбеђење присуства окривљеног и за несметано водење кривичних поступка, Београд 2007
54. Манојловиќ, С., Људске слободе и притвор, Меѓународно кривично право и људске слободе, Тара 2008
55. Мемедовиќ, Н., Мере лишења слободе у кривичном поступку, Правни живот, Београд 2006
56. Мерката притвор помеѓу домашната и европската пракса, Коалиција на здруженија на граѓани, Сите за правично судење, Скопје

57. Притвор пред судењето, Национална пракса и меѓународни стандарди, OSCE, Скопје, 2008
58. Петровска, Н., Мерка притвор помеѓу домашната и европската пракса, Скопје 2020
59. Прирачник за закон за кривична постапка, МВР, јануари 2012, Скопје
60. Прирачник за примена на мерката притвор, Здружение на судии на РМ, 2009
61. Примена на мерката притвор во РСМ, Истражување за периодот од јануари 2018 до декември 2022 година, Коалиција „Сите за правично судење“, Совет на Европа 2024
62. Радуловиќ, Д., Притвор у кривичном поступку, Ниш, 1987
63. Спасојевиќ, Г., Разлози за одредивање притвора и његово трајање, Београд 2005
64. Трешњев, А., Мере за обезбеђење присуства окривљеног и за несметено вођење кривичног поступка, Београд 2016
65. Теорија и пракса Европске конвенције о људским правима, Сарајево, 2001
66. Turanjanin, V., Pritvor kao mera za obezbedenje prisustva okrivljenog u krivicnom postupku, Kragujevac 2023
67. Истражна постапка, Прирачник, Академија за судии и јавни обвинители, 2013
68. Izvestaj o pracenju primene nere pritvora, OEBS, Octobar 2023
69. Ivanovic, A., (NE) dostupnost okrivljenog u krivicnom postupku, stanje u praksi, Tara 2017
70. Закон за кривична постапка, пречистен текст, Службен весник 15/2005
71. Захарија, В., Неткова, Б., Проценка на потребите и препораките за обезбедуваање правна помош во кривичните постапки во РСМ, Скопје 2020
72. Stojkovic, V., Pritvor u krivicnom postupku, pravni osnovi i postupak, Podgorica 2007
73. Stojanovic, M., Skraceni krivicni postupak, Nis 2020
74. Steven, E., Criminal procedute, Wolters Kluwer, New York, 2009
75. Стојановиќ, Д., Основна права човека, Људска права и слободе у уставима европских држава, Ниш, 1989
76. Устав на Република Македонија
77. Zadrzavanje u pritvoru, Evropski komitet za sprecavanje mucenja I necovecnog ili ponizavajuceg postupanja ili kaznavanja, Izvod od 26 Opsteg izvestaja, 2017
78. Шкулиќ, М., Основи упоредног кривичног процеснот права и основни проблеми реформе кривичног поступка Србије, Београд 2011

79. Шкулиќ, М., Неурачунливост и интоксикација учиниоца у кривичном праву САД, сличности и разлике са неурачунливости и скривљеном неурачунливости у српском кривичном праву, Београд 2015
80. http://www.osce.org/mk/skopje/36711?download=true
81. https://mojaprava.com/pritvor-trajanje-kucni-pritvor-pritvor-i-zatvor-razlika/
82. https://ognjanovic.rs/mere-za-obezbedjenje-prisustva-okrivljenog/

Закони

83. Закон за кривична постапка, Службен весник на РМ, бр.150/10 и 100/12
84. Законик за кривична постапка на Франција, донесен кон крајот на Четвртата Република, а општите принципи се објавени во Книга 1, указ бр.57-1426 од 31 декември 1957 година
85. Закон за кривична постапка на Германија, пречистен текст објавен на 7 април 1987 година, а последни измени донесени се на 23 април 2014 година
86. Основен закон за судови, донесен на 27 јануари 1977 година, пречистен текст објавен на 9 мај 1975 година
87. Закон за судска постапка пред малолетници од 1 јануари 1975 година
88. Закон за казнена постапка, Народне новине бр.152/08, 76/09, 80/11, 91/12, 143/12, 56/13, 152/14
89. Законик за кривичном поступку, ЗКП/ЦГ, Законик ЦГ, Службени лист 57/09, 49/10, 47/14, 35/15
90. Годишен извештај за степенот на обезбедувањето, почитувањето, унапредувањето и заштита на човековите слободи и права 2023, РСМ Народен правобранител, Скопје 2024
91. Годишен извештај за степенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права 2024, РСМ Народен правобранител, Скопје 2025
92. Веб страна на Државен завод за статистика